## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Дванаесеттото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24.04.2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубисав Иванов Ѕинго, Лилјана Поповска, Марјан Додовски, Петар Поп Арсов, Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Никола Поповски, Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Весна Јаневска, Валентина Божиновска, Тито Петковски, АбдуладиВЕјсели и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам службите уше еднаш да доставаат точен број на присутни пратеници, имам впечаток дека во салата сме 62, но тоа е само впечаток, дајте ми точна информација.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седица да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 2 по членот 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6; член 9 став 2; член 10 став 2 и на член 11 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Силвана Бонева, Елмазе Селмани, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Хазбије Ибиши, Владанка Авировиќ, Благородна Цветковска, Јаготка Ивановска, Јагнула Куновска, Соња Гелова Стојанова, Бесим Догани, Насер Ајдини, Стојче Крстевски, Веле Ѓорѓиевски, Влатко Серафимов, Никола Рилковски, Марјанчо Николов, Анета Стефановска, Иван Анастасовски, Петар Поп Арсов, Панче Дамески, Оливер Дерковски, Васко Шутаров, Томе Даневски, Јован Гинев, Миле Пачемски, Ванчо Коцев, Ацо Киров, Борис Кондарко, Фадил Сулејмани, Гарип Каба, Ружди Матоши, Гоце Марковски, Марјан Додовски и Анита Кипаризовска Крстевска поднесоа амандман на член 3 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Поповски и Славица Грковска поднесоа амандман на член 3 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјанчо Николов поднесе амандмани на член 3 став 2; член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 3 за додавање нов став 4 пос тавот 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Игор Ивановски, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Верица Филипова, Оливер Спасовски, Лилјана Поповска, Соња Гелова Стојанова и Виолета Ташева, поднесоа амандман на член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Силвана Бонева, Елмазе Селмани, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Хазбије Ибиши, Владанка Авировиќ, Благородна Цветковска, Јаготка Ивановска, Јагнула Куновска, Соња Гелова Стојанова, Бесим Догани, Насер Ајдини, Стојче Крстевски, Веле Ѓорѓиевски, Влатко Серафимов, Никола Рилковски, Марјанчо Николов, Анета Стефановска, Иван Анастасовски, Петар Поп Арсов, Панче Дамески, Оливер Дерковски, Васко Шутаров, Томе Даневски, Јован Гинев, Миле Пачемски, Ванчо Коцев, Ацо Киров, Борис

Кондарко, Фадил Сулејмани, Гарип Каба, Ружди Матоши, Гоце Марковски, Марјан Додовски и Анита Кипаризовска Крстевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседател.

Станува збор за една иницијатива или за едно барање од поголема група пратеници за корекција на предлогот на Владата дел од средствата кои се собираат од посебните игри на среќа уште веднаш да се насочат за  конкретна програма, а тоа е формирање посебен фонд за борба против семејното насилство во Република Македонија.

Веднаш да кажам дека Владата на Република Македонија ги поздравува сите иницијативи што во оваа фаза беа предводени од групата жени парламентарки во соработка со Министерството за труд и социјална политика за изнаоѓање на решенија за едно сериозно прашање и горлив проблем во Република Македонија.

Во оваа пригода сакам да спомнам дека исто така Владата е подготвена за оваа намена да обезбедува трајни извори на средства за финансирање на дадените програми и да ги шири капацитетите за помош на жртвите на семејно насилство во Република Македонија и во иднина тоа ќе добие посебен третман во програмите за социјална заштита кои ги носи и спроведува Министерството за труд и социјална политика.

Со оглед на тоа што на средствата прибрани од игрите на среќа претендираат повеќе програми, повеќе хуманитарни организации и тн. сметаме дека во оваа пригода постои можност за корекција на барањето - тоа е нашиот предлог - мислиме дека 10% на средствата кои во овој момент не можат да се предвидат е прилично висок процент. Доколку се согласат предалгачите на овој амандман, Владата ќе го усвои амандманот со корекција на цифрите, 48% од средствата да се издвојуваат во посебен фонд за изградба и одржување на спортски објекти во сопственост на Република Македонија, а 2% за посебен фонд за борба против семејно насилство.

Во оваа пригода сакам со неколку реченици да го образложам овој предлог од Владата на Република Македонија. Дека ова претставува симболичен гест, во рамките на донесувањето на овие измени и дополнувања на Законот, затоа што навистина во овој момент не можеме да предвидиме за колкава сума на средства ќе се работи.

Но, Владата ќе ги поддржи иницијативите и на групата на жени парламентарки и на други асоцијации во Република Македонија и на Министерството за труд и социјална политика. Во редовните програми при евентуална корекција на Буџетот на Република Македонија за 2007 година со измени и дополнувања и Буџетот за 2008 година во рамките на анализи кои што ќе ни бидат предочени и за тоа Владата ќе биде посебно благодарна за реалните потреби за заштита на жртвите на семејно насилство, значи Владата ќе биде подготвена да обезбеди доволен обем на средства за финансирање на овие програми и обезбедување на заштита на жртвите на семејно насилство. Значи, јас би молел доколку се прифаќа корекција на процентите, со тоа што во овој фонд би се издвојувале 2% од прибраните средства од посебната давачка на игри на среќа.

**Љубиша Георгиевски:** Значи ли тоа дека Владата не го прифаќа амандманот ваков каков што е?

Го прифаќа видоизменет.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, во име на предлагачите.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, господине министер, колеги пратеници,

Прво би сакала да кажам од каде потекна идејата за овој амандман. Всушност овој амандман е амандман на Клубот на жени пратенички во Собранието на Република Македонија.Сега би сакала заради јавноста и заради вас да ви кажам од каде потекна идејата да се поднесе еден ваков амандман. На 27 март о.г. во Собранието на Република Македонија заедно со Центарот за демократска контрола на вооружените сили од Женева македонското женско лоби, НДИ и Клубот на жени парламентарки се организира промоција на книгата “жените во небезбеден свет”. И овде имаше конференција, мини конференција на која што се дебатираше на оваа тема, значи жените во небезбедниот свет, а со тоа и жените од Република Македонија во нашиот микро небезбеден свет. И тогаш беа во собраниска процедура поднесени измените на овој закон. Но, сеуште траеше времето кога може да се реагира со амандмани. Оценувајќи го семејното насилство во Република Македонија како многу голем проблем, на иницијатива на сите жени се одлучивме да го поднесеме овој амандман и да побараме од игрите на среќа, од процентот кој што е наменет, тоа е 2% за изградба на спортски салил, еден дел, оценивме дека некаде околу 10% од тоа 50% да се намени за борба против семејното насилство на превентивен план, а секако и многу значајно на планот на ресоцијализација на жртвите на семејното насилство и на насилникот, затоа што од податоците кои што ги имаме во Република Македонија состојбата е алармантна.

Би сакала само накратко да ви кажам дека во Република Македонија секоја трета жена се соочила со семејно насилство. Ако секоја трета жена се соочила со семејно насилство, тоа значи дека секое трето дете е сведок на такво семејно насилство. Значи, секое семејство, секое трето семејство е на  удар на семејното насилство. Оваа држава има проблем со семејното насилство. И ако има проблем, треба семејното

насилство да го третира. Ако треба да го третира потребни се финансиски средства. Собранието на Република Македонија на 24 ноември донесе Декларација за борба против насилството врз жени, вклучувајќи го и семејното насилство со кое се вклучи Република Македонија во пан европската кампања на Советот на Европа за борба против насилство врз жената кое што трае до 2008 година. Ако веќе ова Собрание имало политичка волја треба да продолжиме и понатаму. Политичката волја треба да ја имплементираме. Ќе ја имплементираме, или ќе покажеме дека се бориме против ова зло на денешнината, ако обезбедиме средства. Јас не знам колку средства ќе бидат 2% од 50% кои што ќе се одделуваат за изградба на спортски сали. Но, јас еве во оваа прилика од името на Клубот на жени пратенички во Собранието на Република Македонија, од името на сите оние кои што не поддржаа во оваа иницијатива, поддржувајќи го амандманот, а тоа се македонското женско лоби, НДИ, сите невладини женски организации кои членуваат во македонското женско лоби, сојузот на организации на жени и поддршката која што ја добивме од сите жени амбасадорки. Јас му се заблагодарувам на министерот за финансии за ова прифаќање на видоизменетиот амандман. Се согласуваме овој амандман да биде прифатен вака како што предложивте во знак на добра волја дека Република Македонија не само декларативно, туку еве ќе отпочне да одделува средства од Буџетот за ова зло на денешнинава, затоа што ако не се бориме против семејното насилство, ќе немаме здрави потомци да праќаме и во спортски сали да спортуваат.

Значи, го прифаќаме овој предлог, се согласуваме се со една цел, затоа што оценуваме дека и малиот чекор е доволно да се тргне кон борбата со ова зло, затоа што очекуваме дека овие средства ќе создадат основа во Министерството за труд и социјална политика со одделението за унапредување на односите помеѓу половите, со кое што соработуваме да се отвори во иднина, или со ребалансот на Буџетот и овие средства да се отвори посебна програма во Министерството за борба против семејното насилство. Уште еднаш, значи го прифаќаме овој предлог, се согласуваме и се заблагодаруваме од Клубот на жени и сите поддржувачи на овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифати амандманот, тој станува дел од, делумно, се знае.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратениците Никола Поповски и Славица Грковска.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Трајко Славески, министер за финансии.

**Трајко Славески:** Господине претседателе, повторно станува збор за контекст, за една благородна потреба за дополнителни средства за децата со посебни потреби. Но, за жал, Владата не може овој амандман во оваа пригода да го прифати. Средствата ги обезбедува со посебни програми во Министерството за труд и социјална политика. Од Буџетот на Република Македонија се финансираат и дневни центри за бесплатно згрижување на децата со посебни потреби и финансирање на интернати во кои истите безплатно се школуваат. Мислам дека расправите кои што ги водиме во време на донесување на редовен буџет или измени и дополнувања на буџетот се вистинското место каде што може да се отворат овие прашања.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 18, воздржано тројца, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмаот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседател, почитувани пратеници, почитуван министер за финансии,

Овие амандмани кои што се поднесени од моја страна на некој начин се меѓусебно поврзани и опфаќаат една проблематика која што се однесува на единциите на локална самоуправа, односно со амандманите се предлага процентот кој што Владата планира да го издвои за изградба на спортски сали во сопственост на Република Македонија да се преполови и 25% од тие 50% да се наменат за изградба на спортски објекти кои што се во сопственост на единиците на локална самоуправа. Со процесот на децентрализација за кој што во повеќе наврати зборувавме овде во Собранието на Република Македонија и за кој што за жал од страна на Владата сеуште немаме јасен став, или концепт дали ќе продолжи со втората фаза, дали ќе ја зајакне финансиската моќ на единиците на локална самоуправа. Едноставно до сега не слушнавме на сите наши иницијативи и барања концепт од Владата што се планира со процесот за децентрализација, а бидејќи општините наследија спортски објекти кои што претходно беа во сопственост на јавното претпријатие за стопанисување со спортски

објекти во сопственост на Република Македонија. Сметам дека на овој начин ќе се овозможи оние сали кои што сега се во надлежност на општината и кои што се регистрирани како јавни претпријатија да може општините да добиваат средства од оваа посебна давачка која што Владата ја определува и да може овие сали да се оспособат пред се за одржување на спортски натпревари, а оние кои што веќе имаат услови за одржување на спортски натпревари да се оспособат за одржување на спортски натпревари од повисок ранг, можеби меѓународни натпревари итн. Бидејќи сега како што се наследени во таа состојба тие се со неплатени давачки за струја, за вода, вработените немаат земено плати, повеќето од нив се прогласени технолошки вишок, нема можности за тековно одржување, а не да зборуваме за инвестиционо одржување на овие спортски објекти. А за тие објекти во повеќето општини граѓаните со самопридонес ги граделе, значи одвојувале од своите плати и тие се прекрасни објекти кои што можат да служат за разни активности, а не само за спортски манифестации. Затоа на крајот на краиштата и овие пари кои што ќе се собираат сега од игрите на среќа ќе се собираат од цела Република, а не само да речеме, ако овие средства се наменети за изградба на спортската сала во Скопје. И, затоа сметам дека колегите пратеници, бидејќи доаѓаме од разни општини, најдобро ја знаат состојбата во своите општини, треба да дадат поддршка на овој амандман и половина од тие средства да се наменат за одржување, изградба на спортски сали кои што се во сопственост на единиците на локална самоуправа. Не е добар концептот само да се префрлат обврските, надлежностите, а да не се предвиди и финансиска конструкција за нивно одржување. Затоа барам поддршка од колегите за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Претседателе, само една кратка реплика. Значи, средствата за изградба, односно доградба на спортската сала Борис Трајковски се обезбедени и овие средства во никој случај не се планираат за таа намена. Инаку, во процесот на децентрализација финансирањето на спортските објекти што се во сопственост на единиците на локална самоуправа е децентрализирано и се врши преку наменски дотации за тековно и оперативно оддржување на објектите. Имено, спортот не може да се развива, таленти не можат да се креираат и развиваат ако тоа е концентрирано на еден дел од територијата на Република Македонија. Тоа е позната максима од развојот на спортот. Владата на Република Македонија навистина со овие средства планира да обезбедува средства за развој, или изградба на спортски објекти на целата територија на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Бидејќи сега министерот полека, полека, отвора повеќе прашања. Значи, сега јас треба да побарам список за кои спортски сали се предвидени овие средства. Дали како што се распределија средствата за водовод и канализација од страна на Владата само на нивни градоначалници, партиски во најголем дел, дали и овие средства така ќе се делат?

Во друиот амандман стои дека треба да се делат врз основа на некои критериуми. Јас се сложувам со министерот. Меѓутоа, Владата има и една друга програма во Буџетот 61 милион и 300 илјади денари за изградба на спортски сали преку Агенцијата за млади и спорт. Сега плус и овие средства. Мислам дека, знаете како, оној што е сопственик многу повеќе се грижи за објектот и за она што е негово отколку Владата сега по партиска линија да ги дели средствата за салите. И многу е пореално и поефикасно ќе бидат искористени средствата ако се доделат на општините. Нека бидат критериуми според степенот на изграденост, степен на руинираност, но средствата да бидат доделени на оние кои што се сопственици на салите. Мислам дека многу поефикасно ќе ги искористат.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам пртседателе.

Јас и вчера нешто напоменав и денеска ќе зборувам во прилог на овој амандман, а тоа е основната премиса од која што тргнува министерот за финансии е таа дека ова се средства кои не можат да се предвидат. Значи, го цитирам, повторно денес го кажувам истото и вчера што го кажав. Значи, не знаеме колку пари ќе се соберат, ама знаеме дека ќе градиме спортски објекти, ама не знаеме кои се тие спортски објекти и од каков тип. Значи, дали тоа ќе биде ринг за бокс, боксерски натпревари, дали ќе биде табла за пикадо, дали ќе биде фудбалски терен, тоа не го знаеме. И сега сме ставени во една ситуација да нагаѓаме во кој правец Владата мисли ова да го направи. Многу работи реков и вчера личат на 45-тата, значи ајде сите на образование, ајде ќе конфискуваме имот, ајде сите спортски дух ќе развиваме, ќе правиме спортски сали, а триесетина објекти се празни во Република Македонија, само се карабини, само се решетки, некаде нема струја, некаде нема прозори, некаде нема ни паркет, туку само е поставена подлогата. Една ваква популистичка варијанта на спортски објекти и сали во Македонија видовме. Сега Агенцијата за спорт и млади уште еднаш влегува во ист сличен проект, затоа што изгледа фино да зборуваме за спортот, иако не можеме основниоте потреби на репрезентативците и на репрезентациите да ги обезбедиме, не можеме да влеземе во варијанта да дискутираме фиктивно за иднина, за спортски објекти бидејќи не знаеме ни од кој тип се, ниту

какви ќе бидат. Од друга страна она што амандманот го бара колегата Марјанчо Николов е поиздржан и пологичен од предлогот на Владата, затоа што постојат веќе некои објекти во Република Македонија кои што се навистина во тешка ситуација, постојат општини каде што за жал заради немањето услови згаснуваат спортските активности, а сме имале центри со врвни спортски достигнувања. И кога во целата таа активност, да речеме рамномерен регионален развој сакаме да зборуваме, а во суштина да не го правиме тоа во пракса, односно да не го промовираме. Многу покорисно и многупоцелисходно ако е тоа идеата навистина реална да биде спортскиот дух развивање, во здраво тело, здрав дух и да има спортски објекти, тогаш е многу пологичен овој амандман на колегата Марјанчо Николов, бидејќи подомаќински ќе се наменат, потрошат и оддржат, всушност ќе се употребат во корисни средства. Инаку, ќе бидеме сведоци дека од 2008 година, а најмногу во 2009-та година кога ќе дојде предизборието ќе никнат, или ќе се ископаат темели на објекти кои што се во општини каде градоначалници се од ВРМО ДПМНЕ, па таму ќе може и целата свита на премирот да оди и да се слика.

Затоа, давам подршка на овој амандман и, ако навистина била идеата на Владата за спортски објекти, многу е поцелисходно овој амандман да се изгласа, бидејки навистина ќе биде за изградба и одржување на спортски објекти, бидејки единиците на локалната самоуправа многу подомаќински тоа ќе го направат. Благодарам.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине претсдател, почитуван господине министре,

Би сакал да дадам подршка на амандманот поднесен од пратеникот Марјанчо Николов, се со единствена цел, ако е целта на Владата за децентрализација и за поефикасно спроведување на децентрализацијата, сметам дека овој амандман да се прифати.

Знаеме дека спортските сали, повеќето беа изградени од месен самопридонес на месното население. Тие спортски сали, со децентрализацијата им беа вратени на единиците на локалната самоуправа во состојба што беа руинирани и едноставно беа неупотребливи.

Ако овој амандман се прифати и ако средствата дојдат во висина од 25% во единиците на локалната самоуправа, па тие да одлучат дали ќе ги реновираат спортските сали, дали ќе ги одржуваат, меѓутоа со дирекна контрола на централната власт, тогаш е издржано и ќе имаме напредок и во развојот на спортот и во развојот и зголемувањето на бројот на младите спортисти кои ќе земат активно учество во спортот.

Инаку, ако дојдеме до ситуација да Владата одлучува во кој град ќе гради спортски објекти, сметам дека сме далеку од децентрализацијата. Сметам дека тоа ќе биде еден политички маркетинг во кој што актуелната влст ќе собира поени. А, дали еден град ќе има можности да ја одржува таа спортска сала или тој спортски објект е знак на прашање.

Сметам дека во оваа ситуција, во која што се наоѓаат единиците на локалната самоуправа е многу тешко да ги одржуваат псотојните објекти, а не да им се даваат и нови објекти со што уште повеќе ќе бидат оптоварени.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да го искажам мојот став дека ќе го подржам овој амандман и мислам дека треба малку пошироко да отвориме расправа околу ставот 2 на членот 3, што е предложен со овој закон.

Имено, со членот 3 Владата предвидува нова давачка во Република Македонија, нов прилив на Буџетот на приходната страна за оваа година. Со самото тоа Владата, на крајот на годината, повторно ќе се фали, при намалени давачки дека се зголемени приходите во Буџетот на Република Македонија. Што значи не е така. Само како пример, претседателе, можеби ќе кажете дигресија, но во поткрепа на оваа моја теза сакам да кажам дека постојано во јавноста, а еве и синојка министерот можевме да го слушнеме како кажува дека иако е намалена стапката на персоналниот данок на доход, приходите се повисоки од лани. А, при тоа, воопшто не кажува и ја замајува јавноста дека ја проширија даночната основица на персоналниот данок на доход.

Ако навлезете во структурата на приходите по основ на персонален данок на дохот ќе се види дека оптоварувањето по основ на персонален данок на доход не е така како што кажува Владата. Таков е случајот и сега со воведување на една нова давачка во Република Македонија, за која што можеме да разговараме дали треба или не треба да се оданочуваат игрите на среќа.

Но, сега, кога зборуваме за овој конкретен амандман, прашањето е што со таа нова давачка и кој ќе одлучува за прибраните средства по основ на оданочување на посебна давачка од 4% на вкупно остварените уплати од продажба на лозови, талони, картички, инстант лотарија што ќе оди на посебна трезорска сметка.

Значи, Владата си предвидува нови приходи и при тоа многу интересно, воведува еден став со кој што вели дека 50% ќе се издвојуваат во посебн фонд за изградба и одржување на спортски објекти во сопственост на Република Македонија. А не кажува за што ќе бидат наменети останатите 50% од таа давачка.

Што е уште поинтересно, вчера она недоразбирање што настана, признавам, по моја

грешка, при поднесувањето на амандманот, господине претседателе, за што расправавме, гледам дека не го уврстивте во сценариото, тоа е на членот 14 каде што овој став, да се издвојуваат 50% во посебен фонд за изградба и одржување на спортски објекти во сопственост на Република Македонија ќе се применува од 1 јануари 2008 година. Воопшто го нема објаснувањето што со целокупните средства од 100% до 1 јануари 2008 година и за што Владата ќе ги намени овие средства? Што значи ќе ги наменува онаму каде што тие ќе имаат план во текот на годината, иако кога го носевме Биџетот, тие средства не беа предвидени.

Што е уште  подрастично, ние сега, сите граѓани на Република Македонија ќе плаќаме, оние кои ги играат игрите на среЌа, ќе ја плаќаме оваа давачка, односно организаторите на тие ири ќе ја плаќаат таа давачка. Сега, наместо да дозволиме барем малку да има некоја правдина во распределбата на тие пари, да одат барем дел со одлука на општините во Република Македонија, тие средства рамномерно, до некаде, ги распоредиме, дури јас би одел и до тоа донесеме, да биде регулирано во висина на средствата во која што, во одредена општина се играат игрите на среќа, бидејки тука не можеме да иамме солидарен принцип, во висина на игрите на среќа што се организираат во одредена општина, тие средства во тој еквивалент да бидат во таа општина.

Инаку, ќе имаме една ситуација каква што имаме сега. Спортските објекти во цела држава се во катастрофална сосотјба. Ние, годинава одвоивме 10 милиони евра само за спортската сала во Скопје.

Во ред,нека се гради испортската сала во Скопје, но што ние, моите од село Кравари, кои даваат пари во Биџетот на Република Македонија да немаат ниту денар за спортски активности? Од овие игри на среќа што се организираат до сега, што ги организираат трговските друштва, однсоно дрштвата во чија позадина стоеја спортските клубови, дел од тие средства одеа за финансирање на спортските клубови.

Сега, Владата, бидејки не им дава ништо на тие нискорангирани клубови, сега им ја одзема и таа можност. Сега, Владата ќе биде многу великодушна со една наметната нова давачка во Република Македонија, ќе каже колку е добра, ќе гради спортски објекти, спортски сали, спортски игралишта, фудбалски и ред други.

Затоа сметам дека Валдата треба, прво, да го прифати овој амандман.

Второ, Владата веднаш, не од 1 јануари 2008 година, туку веднаш да почне да ги распределува овие средства за спортски игралишта, спортски терени, а не во текот на годината да ги има за други намени.

Затоа сметам дека овој амандман треба да се подржи и со оглед на тоа што, еве процедурално, мојот амандман не го уврстивте, да Владата поднесе амандман со кој што овој член да почне да се применува веднаш, а не од 1 јануари 2008 година. Благодарам.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за финансии, господин Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе, само неколку корекции на ставовите на почитуваниот пратеник, за да не ја дезинформираме јавноста.

Не се воведува нова давачка. Не знам како, Предлог на закон за изменување на Законот за игри на среќа, на половина страница не е добро разбран. Се намалува постојната давачка. Постојната давачка, господине Најдовски изнесува 19%. Таа сега се намалува на 4%. Се менува механизмот, затоа што навистина во практиката се изигруваше обврската за плаќање на таа давачка. Секако давачката се утврдува на вкупниот приход. Сметаме дека сепак, средствата што треба да припаднат на државата Република Македонија, а се користат за намерите за кои овде дискутираме, да бидат прибрани.

Инаку, за вашата забелешка дека средствата што се одвојуваат се 50% или би се одвоиле од идната година за изградба и одржување на спортски објекти, треба веднаш да почнат да се стават на располагање.

Сакам да ве информирам дека повторно треба да се разбере механизмот на користење на средствата од игри на среќа што одат за подршка на спортот и за други хуманитарни институции и организации.

Имено, во тек е постапка за распределба и дистрибуција на средства во износ од 75 милијони денари, средства што се прибрани во минатата 2006 година. На транспарентен начин, со јавен оглас се повикани сите здруженија, хуманитарни организации во Република Македонија и тие конкурирале, се пријавиле. Владата, со посебна одлука врши распределба на тие средства.

Значи, во текот на оваа година, вашето прашање беше што со остатокот од 50% не остатокот од 50%, туку 100% од средствата што ќе се приберат по основ на игрите на среќа, во 2007 година повторно на истиот начин ќе бидарт распределени за финансирање или подршка во хумани цели во Република Македонија.

Во врска со децентрилизираниот пристап на финансирање и одржување на спортските објекти, објаснив во претходниот одговор на дискусијата на пратеникот што пред вас дискутираше.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, господин Најдовски реплика на министерот.

**Слободан Најдовски:** Господине министре или сакате да кажете дека пратениците се глупи, не ви е прв пат ова, или пак вие сакате да ги извртите тезите во јавноста.

Јас многу добро разбирам што пишува во законот. Немојте да кажувате дека намалувате од 19% на 4%. До сега беше 19%, но беше 19% само на разликата помеѓу примените уплати за учество во игрите и исплатените добивки.

Сега е 4% на вкупните уплати. Вие сте професор и многу добро знаете дека 4% на вкупните уплати е многу поголемо отколку 19% на разликата на уплатените за учество во игрите и исплатените добивки. Тоа е првата работа.

Што значи дека сосема добро сум ја разбрал вашата намера, но тоа е својствено за Владата. Едно зборува во јавноста, друго прави во стварност, во законите. Затоа ни носите закони по итна постапка да ги носиме за да не можеме на јваноста доволно да и објасниме за што всушност се предлагаат измени.

Втората работа за која што кажувате како сега ќе ги распределувате, тоа беше секогаш таква во изминатите години. Се знае дека начинот на кој што поднесуваат барање сите хуманитарни организации, тоа е делот за хуманитарните организации, општествени организации што порано беа фолклорни друшта, културно уметнички и т.н. Тоа е соема друга работа.

Вие сега ќе имате зголемени приходи по основ на оваа давачка. Велите дека од следната година ќе ги давате за сали за не знамшто. Значи, кога ќе се подготвувате за избори,од граѓаните од џебот ќе земете и ќе им речете “ние сме многу добра Влада и сега со вашите пари, ние кажувам каде ќе правиме”.

И, ако Аце Коцевски не ви е по ваша волја, кој е еден од најдобрите, ако не и најдобар градоначалник во Македонија, ако не ви е по ваша волја, не му дадовте ниту еден денар за водовод и канализација на општина Велес, сега и тогаш нема да му дадете за спортски објект, ни на Аце Коцевски, ни на Зоран Заев ни на градоначалникот во Охрид.

Затоа, за да не се случува ниту со оваа Влада така, ниту со идните влади да биде таква ситуацијата е добро да се прифати амандманот на господинот Марјан Николов. Ви благодарам.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, Илија Димовски, процедурално.

**Илија Димовски:** Сакам да ве прашам каков е начинот кога во реплика на друга дискусија се изнесува невистина или груба лага, да се исправи тоа. Да чекаме дискусија или...

**Љубиш Георгиевски:** Според Деловникот тоа се претставува со реплика или контрареплика.

За збор се јави господинот министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе,

Мојата претходна интервенција беше реплика на господинот Најдовски, да објаснам, затоа што имаше прашања и некои пријавени дискутанти. Сега се јавувам за една минута контрареплика, со неколку зборови.

Политичките импликации за фаворитизам на едни или други градоначалници беа својствени на едно време во изминатите неколку години. Ние тоа го видовме добро. Научивме многу од таа лекција и во никој случај не сакаме да ја повториме.

Спомнување имиња на градоначалници овде навистина не води кон создавање добра клима за расправа во овој контекст. Би сакал да замолам да го одбегнуваме, ако е тоа можно.

Само да спомнам дека градоначалникот на општина Велес, во соработка со Владата го претстави драматичниот проблем со влечиштето Рамина и Владата, покрај прифаќањето на амандман на Буџетот за 2007 година во износ од 500 илјади евра одлучи целосно да го финансира проектот до крајто на оваа година.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За реплика се пријави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас не можам да сватам зошто министерот се секира кога некој е пријавен за дискусија. Јас ќе реплицирам во делот на она што министерот го зборуваше, а тоа е груба невистина или лага, да го цитирам господинот Илија Димовски. А, тоа е дека во досегашниот Закон, односно во членот 79-а се пресметуваше посебен надоместок во висина од 19% на разликата помеѓу вкупно примените уплати за учество во играта и исплатените добивки на учесниците.

Со денешниот предлог членот 79-а се менува и гласи: “каде што приредувачите на општите игри на среќа и т.н. плаќаат посебна давачка од 4% на вкупно остварените уплати од продажба на лозовите, талоните, томболските картички, инстант лотарија на посебна уплатна сметка”. И, во ставот 3 пишува “Приредувачите на наградните игри плаќаат посебна давачка од 18% на вкупниот износ на наградниот фонд според правилата на играта”.

Што значи дека или министерот не го прочитал законот, или министерот сака да ја замајува јавноста дека се намалув аод 19% на 4% или се обидуваме некако еуфорично тргна Владата, да зборува работи што не држат. Како што мисли господинот Груевски дека горните два спрата од Кинески ѕид се срушени, така и вие мислите дека од 19 сте ја намалиле на 4%. Но, не е така.

До сга, 19% се уплаќало на разликата, а сега 4% на сите, на брутото, на сите уплати и плус 18% на добивката. Вие знаете и во допсиот што сте го добиле, има примери, ако е на бруто, односно на цела уплата, тогаш нема неповратни средства од 100 илајди од 200 илјади евра или колку и да е тоа. Ако иманепоратни средства, тогаш се пресметува само данокот на добивка.

Ако не сте во можност да го приберете она што е данок на добивка и она што треба да го уплаќаат, не можете со вакви варијанти што и самите,

очигледно не знаете што ви пишува во законот, тука да фрлате магла во јавноста. Благодарам.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам и јас.

Министерот за финансии има контра реплика, повелете.

**Трајко Славески:** Ако треба да се објаснува треба да се објаснува, господине Макрадули. Нема 19 и 18% данок на добивката. Разликувајте игри на среќа. Верувајте и за мене не беше привлечна материја, не беше многу лесно да се навлезе во разните игри на среќа. Давачката која што беше 19% во согласност со претходната ставка на ДДВ, која што беше на 19% се намалува на 18% но за игри на среќа. Знаете на кои? Игри на среќа од оние чипси вртимушка, каде што децата собираат купончиња, талончиња и такви игри на среќа. Значи, разликувајте има повеќе видови игри на среќа.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам.

Господин Марјанчо Николов, реплика имате или збор барате. Добро збор. Господин Димовски Илија, реплика или збор. Добро. Во тој случај завршивме со репликите.

Збор има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:**

Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван минстер, колеги пратеници,

Јас сакам да искажам подршка на амандман што го поднесе колегата Марјанчо Николов, заради тоа што навистина, во овој процес на децентрализација, посебно за намената за која се укажува во амандманот се спортските објекти кои што ни се приоритет во сите планови кои што ги правиме за зајакнување на спортскиот живот во Република Македонија. Мислам дека овој амандман ќе доведе до вистинските резултати, заради тоа што има сериозни причини и во делот на одржувањето на спортски објекти и во делот на градењето на нови спортски објекти, посебно на локално ниво и на тој начин немајќи јавни објекти за спорт, младите луѓе едноставно, не можат да спортуваат, се одаваат на некои други пороци и заради тоа состојбата ни е таква каква што ни е, во делот на спорот воопшто.

Секако дека има доволно пари, секако дека овие пари како што предвидувате не можете да ги нaменете само за изградба на спортски објекти, заради тоа што ќе треба пари, и тоа многу во делот на одржувањето на постојните спортски објекти. Добро знаете сите вие, и македонската јавност дека во периодот 1998-2002 година, со еден делбен биланс кој што беше направен, спортските објекти беа одземени неправилно од локалните самоуправи и спротивно на законот, кој што се градени со самопридонес на граѓаните на Република Македонија. Таков беше случајот со спортската сала во Куманово. Таков беше случајот со сите спортски објекти и со познатиот симбол на спортскиот дух во Куманово Соколаната, кои што беа дадени под концесија на неколку години, исто така спротивно на законот, кои што ги стопанисуваа одредени правни субјекти до пред неколку месеци и ги задолжија со огромни долгови. Сега за тоа не води никој сметка, едноставно се препуштени на локалната самоуправа, понатаму да менаџира со нив. Нема апсолутно никаква шанса, ниту една локална самоуправа во Република Македонија. Впрочем, ако тоа не може да го направи градот Скопје да одвои поголем дел од средствата за изградба на спортската сала Борис Трајковски, која што се гради, тогаш воопшто не станува збор за ваквите спортски објекти ќе можат да се одржуваат, да се реновираат, или поправаат на локално ниво. Тоа е едната причина, заради која што го подржувам овој амандман.

Втората причина е заради тоа што имаме спортски објекти, или спортски сали кои беа дел од проектот на Владата на господинот Љубчо Георгиевски, исто така во тој период од 1998 година до 2002 година, спортски објекти кои што останаа само ископани само темелите или железните конструкции на столбовите стојат, да не можат да поминуваат учениците покрај училишните згради. Тоа е случај во Куманово со две училишни згради на Основното училиште Христијан Тодоровски Карпош и Магдалена Андова, кои што до ден денеска, барем да беше вратено земјиштето во првобитната положба. Едноставно, оставено на времето како еден споменик кој што ќе сведочи на еден период на ВМРО и на господинот Даравелски во Куманово, тоа добро го знаат граѓаните на Куманово. Мислам дека со оделувањето на ваков процент во делот на изградбата, ако тие пари бидат давани на локалната самоуправа, ќе можат да се изградат и овие две спортски сали кои што беа започнати без никаква урбанистичка документација, меѓутоа, ќе можат да се градат и други спортски објекти во училишта, кои што не поседуваат вакви објекти за одржување на наставата и за спортување на младите луѓе.

Од тие причини мислам дека на ваков начин Владата ако го прифатеше овој амандман и ако одели средства да доврши она што некоја претходна влада од иста провиниенција, со исто таква програма која што ни се презентира и деновиве дека ќе се градат вакви спортски сали, ќе се одолжевте спрема тие граѓани и пред тие ученици во одредени училишта и навистина, конечно после 8 или 10 години можат да ги искористат ваквите спортски објекти. Во спротивно, мислам дека само декларативно се залагаме за одредени програми да почнуваме спортски објекти или ќе ги започнуваме понатаму, а ќе служат исклучиво за некои дејанија кои што се случуваа и во тој перод 1998 - 2002 година и ќе останат уште по неколку споменици да сведочат за некое време во кое што владеела одредена политичка партија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Никола Рилкоски, повелете.

**Никола Рилкоски:** Благодарам претседателе,

И јас сум еден од тие кои што се приклучуваат на амандманот од колегата пратеник Марјанчо, бидејќи сум убеден дека најцелисходно е средствата кои што ќе се издвојат по овој основ, дел од истите да одат во локалната самоуправа, бидејќи тие, единиците на локалната самоуправа се единствените, кои што во моментот вршат какво такво одржување и опстојување на спортските објекти со кои располагаат во локаланата самоурава.

Имавме пример што го спомна и претходниот дискутант пред мене, кога Владата на ВМРО во претходниот перод кога беше на власт даде свој придонес во смисла да изгради спортски сали во многу и градски и рурални средини, меѓутоа, остана сето тоа без посебен успех. Само ќе спомнам дека во едно блиско село до Охрид се изгради нешто малку повеќе од карабина таква спортска сала и наместо да биде нејзината намена за спортот и рекреацијата на децата во таа средина, таа стана руина, разрушена е, демолирана, еден дел се користи за магацински простор итн. Значи, воопшто не е во функција на намената за која е потребна. Точно се поставува прашањето што после кога би се изгадиле евентуално, ваквите објекти, што ќе се случи со нивното понатамошно одржување. Одржувањето е скапа инвестиција, така да, во тој дел немаме можност општо да говориме, кој понатаму ќе се грижи и единствено повторно останува можноста за нив да се грижи локалната самоуправа. Од тој аспект мислам е заложбата дел од средствата да одат во локалната самоуправа.

Исто така, спортските објекти во школите, кои што за жал, исто така во мал дел располагаат со некакви сали или со игралишта се далеку од она што значи спортски објекти на кои што децата во тие училишта би требало да ги обавуваат функциите за спорт, или физичка култура. Во тој дел, повторно е поврзано за нивното евентуално унапредување, градење на нови и одржување, е врзано за локалната самоуправа, бидејќи училиштата се според Законот за децентрализација во функција на локалната самоуправа. И на пример, ние говориме за спортски објекти општо, а најмногу мислиме на спортски сали, или игралишта. Во Охрид на пример, има солидна спортска сала, има доволен број на игралишта, меѓутоа, нема базен. Така да, согледувањето, каде во која општина, односно во која локална самоуправа што би требало да се гради, на пример, во Охрид би било предимствено да се гради тој базен, врзано за локалната самоуправа итн. Од тој аспек, исто така, го подржувам амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Цветко Грозданов има реплика на излагањето на господин Никола Рилкоски, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе,

Јас ќе напомнам дека ова беше дефокусирање на говорот од она што беше до поднесувањето на амандманот, но ќе се осврнам на говорот на господинот Рилкоски. Ќе напомнам дека точно е дека имаме руинирани сали, но сепак се вложи. Значи, се вложуваше во изградба на салите во тој временски период и тие сали и до денеска се користат за спортување. Јас ќе напомнам дека до денеска спортскиот центар Билјанини извори се наоѓа под локалната самоуправа во која што умешноста на локалната самоуправа е да зацрта на спортските објекти, каде што ќе може да се градат деловни просори и ќе се градат бензиски пумби. Дали  е тоа во намена на спортот, дали треба локалната самоуправа тука да ги зацртува на спортските објекти бензиските пумпи, наместо да зацртува игралишта за голф, тениски игралишта, или други спортски игралишта и дали грижата ќе ја води локалната самоуправа подобро, или ќе ја води централната власт подобро. Се извинувам, што не се обраќам на амандманот, се обраќам на говорот на господинот Рилкоски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следната реплика ја има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Јас изреагирав претходно заради тоа што еден закон кој што нема никаква врска со ова што се дисутира се злоупотреби за политички маркетинг од страна на пратениците на СДСМ и посебно на пратениците од ЛДП, со изнесување на груби невистини и депозиционирање на факти и реалноста што се случувала и се случува во Република Македонија.

Значи, во перидот додека СДСМ и ЛДП беа на власт не се инвестираше ништо во изградба на спортски објекти. Додека ВМРО на власт и во претходниот мандат, а посебно во овој мандат се инвестира многу. Јас ќе ги потсетам колегите дека пред три четири месеци имаше тендер Агенцијата за млади и спорт за изградба на нови фудбалски игралишта во Република Македонија и тоа, не од овие средства, туку од средства предвидени со Буџетот за 2007 година. И би сакал да потенцирам, за да знае господинот Слободан Најдовски дека Велес воопшто не е запоставен, дека игралиште ќе се гради и во Велес. Меѓутоа, ова го зборувам заради дискусијата на господинот Рилкоски кој што негираше дека се граделе, или не се граделе игралишта додека оваа или онаа партија е на власт. Меѓутоа, исто така господинот Рилкоски се повика на тоа дека локалната самоупрва треба да има одредена димензија во однос на спортот. Тоа е точно господине Рилкоски, локалната самоуправа и според Законот  за локална самоуправа има надлежност во поглед на спортот. Прашање е која локална самоуправа, со колкава енергија, со колкави средства и што ќе вложи во спортот. Имаме локални самоуправи во Република Македонија кои што се позитивен пример, меѓутоа, имаме

локални самоуправи во Република Македонија кои што се занимаваат само со изградба на тротоари, финансирање преку проекти Урбан Инвест. Тоа посебно важеше за градоначалниците од ЛДП. Сега тука не можеме да ги дефинираме работите. Значи, не е некој виновен, ако некој градоначалник во Република Македонија воопшто не ги поставува работите во насока на развој на спортот. Тие градоначалници исто ќе одат на избори и тие градоначалници исто ќе бидат оценети од граѓаните, како и ние тука, како и Владата. Така да не треба лутење. Треба да си укажеме кој што направил, меѓутоа, реално и аргументирано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Никола Рилкоски, повелете со вашата контра реплика.

**Никола Рилкоски:** Најверојатно, почитуваниот колега не ме разбрал добро или не беше концентриран на моето говорење. Јас во ниеден случај не негирав дека се градело, односно дека не се градело во претходниот период. Всушност и потенцирав дека Владата на ВМРО во периодот кога беше токму премиер господинот Љубчо Георгиевски градеше. Меѓутоа, потенцирав понатаму дека тоа градење беше контрапродуктивно, бидејќи таквите објекти или се започнаа и не се продолжија понатаму, останаа темелите и конструкциите, или се изградија до карабина, па ја немаат функцијата за која се градеа и станаа магацински простории итн. Апсолутно, јас не негирав. Негирам во делот на тоа што парите кои што одеа за инвестиција на таквите објекти не беа инвестирани во функцијата за која што требаше да бидат инвестирани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Еве, јас се јавувам да дадам подршка на овој амандман од колегата Марјанчо Николов. Бидејќи сум љубител на спортот и не би сакал овие објекти кои се тешки за одржување, а кои подпаднаа под локалната самоуправа, а локалната самоуправа нема можности да ги одржува и да ги надградува, а добро е да се прифати овој амандман во вредност од 25% од вкупната сума која ќе се одвојува да оди за одржување на овие објекти. Од кои причини ова го кажувам, го кажувам од причини за град Струмица. Ние во Струмица имаме еден прекрасен голем спортски објект или сала која што собира 4-5 илјади гледачи. Но, мора сите спортски екипи своите натпревари да ги одржуваат или играат во една мала сала која собира само 200 луѓе, 200 гледачи од причини што оваа сала е концесионирана, и сега правите спортисти, значи кога имаме така кажано меѓу нас големи утакмици, мора да ги играат во ова сала, но мора и да плаќаат пари.

Значи, да не дојдат и останатите градови кои што веќе имаат такви големи објекти, а не можат да ги одржуваат, да пропаднат или некој после да ги концесионира, добро е да се оделат пари, дборо е да се одржуваат за да не ги снајде, како на нас струмичаните да играме и одбојка и кошарка и жени и мажи во една мала сала каде што термините од утро од 8 часот до вечер до 23 часот се зафатени. Значи, од тие причини давам потполна подржка на овој амандман, да се одржуваат овие големи објекти за кои треба глема сума на пари за одржување, бидејќи има затекнато и вработени, има и доста работи кои треба да се прават итн.

Јас на крајот на мојата дискусија околу овој амандман што сакав да кажам, би сакал да се надополнам, не е тука колегата Илија Димовски да му кажам дека да, во одреден период, во времето на ВМРО-ДПМНЕ се инвестираше, имаме ние една сала во Ново Село струмичко, но тоа што го кажав за Струмица имаме спортски објект, сала за 4 илјади гледачи која собира. Денеска е хотел, ресторан, сала за свадби, итн. Оваа концесија е дадена на концесија за 25 години. Исто така, имаме изграден добар стадион, можеби втор во Македонија, со седиште, со рефлектори, но исто така е даден на 100 години под концесија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани,

Сакам да се јавам и јас во знак на подршка на амандманот на Марјанчо Николов. Зошто се јавувам и јас? Затоа што сум убедена дека средствата кои несомнено ќе бидат многу зголемени со овој нов начин на одданочување на убраните средства од игри на среќа, ќе бидат употребени во строго партиски цели.

Употребените средства за изгадба на спортски објекти, ќе бидат употребени за партиски цели од страна на владеачката ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи минатото ни сведочи дека слични работи се случуваа и тогаш. Имено, во 2000-та година во Штип пред локалните избори, локалната власт беше во рацете на ВМРО-ДПМНЕ, републичката власт беше исто така во нивни раце и беше ставен камен темелник за изгадба на спортска сала.

Штип е еден од ретките градови во Македонија кој нема покриена спортска сала, иако е голем град, иако е центар на Источна Македонија, во тој поглед пред локалните избор во 2000-та година беше експроприирано лозје за дел од идната спортска сала, беше ставен камен темелникот и беше направена голема фешта. Локалните избори ги изгуби ВМРО-ДПМНЕ. Републичката власт беше се уште во нивни раце. Меѓутоа, не се продолжи ни сантиметар повеќе во изградба на спортската сала.

Слично искуство можам да кажам за Штип, во 2002 година пред парламентарните избори.

Повторно изградба на спортска сала на друга локација, нешто помала од претходната. Се направи железна конструкција за спортската сала, се покри, дури, беше набавен и паркет за обложување на подот на спортската сала, кој беше складиран во магацин на едно јавно претпријатие. После губењето на парламентарните избори во 2002 година не се продолжи понатаму со изградбата на оваа спортска сала, дури го снема и паркетот за обложување на подот на спортската сала. После подолготрајни истраги за тоа каде е тој паркет, освен сведоците кои сведочеа дека имало складирање на големи количини, цел шлепер, на паркет, други документи не се успеа да се најдат.

Веројатно по трет пат во Штип ќе се случи нешто слично со евидентно зголемените средства од овој закон за игри на среќа, повторно на локалните избори 2009 година ќе се гради некоја нова спортска сала или ќе се става камен темелник.

Слично нешто, почитувани присутни, односно на друго поле прави и денес нашата Влада. Парламентарните избори беа добиени со ветување за економски процут на Република Македонија, односно Македонија-економски гигант на Балканот. А што добивме? Добивме според официјалните податоци од Статистика зголемен број на невработеност. Во јули месец бројот на невработените во Република Македонија изнесувал 323 илјади, на крајот на февруари оваа година 384 илјади, односно зголемен е бројот на невработени во Република Македонија за цели 51 илјада. Ако има економски пораст и нови инвестиции, состојбата би била обратна. Што добивме друго? Нула странски инвестиции во текот на февруари месец оваа година според официјалните податоци од нашата статистика, повторно наместо зголемени инвестиции, наместо кампањата “Инвестирајте во Македонија” да вроди плод...

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека се одалечувате малку од темата, ве молам.

**Верица Филипова:** ... ние добивме нешто обратно. Нашата Влада ни ветува спротивно, слично како со овој закон. Впрочем, лошите закони секогаш носат можност за партизација, веројатно и тоа е крајната цел, лошите закони секогаш носат можност за измама и лошиот закон впрочем е изворот на корупцијата.

Ние донесовме овде слично Закон за енергетика со недефинирани параметри за распределба на средствата. Со овој закон со ваквата распределба на средствата, многу зголемени игри на среќа со недефинирани параметри, ќе ни се случува нешто слично, можност за поголема манипулација.

Поради тоа, мислам дека е исправно, фер, коректно и логично дел од овие средства да се отстапат на локалната самоуправа, да се отстапат на општините. Со овој амандман колегата Мајранчо Николов предлага тоа да изнесува 25% од тие средства, за да можат тие сами да одлучуваат за кои спортски објекти се приоритетни тие средства и каде е подобро да се наменат. Локалната самоуправа е, дел од нив во рацете на СДСМ, дел од неа е во рацете на ВМРО-ДПМНЕ и на останатите партии и на тој начин ќе успееме да ја намалиме партизацијата која очигледно со ваква распределба на средства ќе се поведе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господин Цветан Грозданов, повелете.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе.

Очигледно дека кај колешката постои само едно, партизација, партизација, веројатно во нејзината потсвест тоа веќе е врежано за партизација. Веројатно била во повеќе политички партии, па знае како функционираат сите политички партии. Може да каже во колку политички партии била до сега.

За да ве разубедам во спротивното, ќе напомнам дека оваа Влада не размислува така. Од Агенцијата за млади и спорт која имаше конкурс за пријавување за доделување на најдобри позиции во Охрид, градоначалникот кој што е од СДСМ, имаме две позиции за изградба на стадиони кои ќе бидат во рамките на она што го бараат одредени институции како што се федерациите.

Исто така, ВМРО-ДПМНЕ од 1998 до 2002 година градеше, сите се согласивме со тоа дека градеше, но каде застанавме? Значи во 2002 година застанавме, ги пуштивме да се руинираат салите. Ако националниот интерес и интересот на сите нас е младите да ги вратиме да спортуваат, тогаш и локалната самоуправа, како и централната власт од 2002 до 2006 година требаше да ги заврши до крај тие започнати објекти и требаше да бидат во целосна корист на граѓаните. Тоа не се случи. Оваа Влада сега ќе ги заврши до крај тие започнати објекти кои беа 1998-2002 година, ќе им ги дадеме на граѓаните да ги користат целосно, за да ги одвикнеме младите од пороците бидејќи не сакаме ниту еден од младите животи да заврши онака како што за жал некои завршуваат со алкохолизам, наркотици и користење други супстанци.

Уште еднаш ќе напомнам партизација не гледаме. Не гледаме дали станува збор за градоначалник од СДСМ или од ВМРО-ДПМНЕ. Ве убедувам и ви докажувам дека во Охрид градоначалникот кој е од СДСМ, иако има многу недостатоци во неговото работење, кои ги кажа и самата ревизија, оваа власт се одлучи да даде изградба на два спортски објекти, две фудбалски игралишта и да ја заврши до крај започнатата сала во Велгошти, што за жал во овој временски период се руинира и не е ставена целосно во употреба на граѓаните на Велгошти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Верица Филипова, контра реплика, повелете.

**Верица Филипова:** Рековте партизација, партизација. Токму тоа е денешната реалност во Република Македонија. Насекаде во Фудбалскиот сојуз, во евроинтегративните процеси односно во Секретаријатот за европски прашања, во Царината, во јавните претпријатија, дури се бара и хигиеничарите да се поставуваат како партиски кадри, а за повисоките структури и да не зборуваме. Па тоа колега сите го знаат. Зарем кажувам нешто ново? Зарем вие демантиравте нешто што е впрочем денешна реалност? Дури и независното судство носи партиски одлуки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Се јавувам втор пат за збор, пред се како предлагач на амандманот. Би сакал да го изразам на почетокот своето жалење како една идеја од страна на владеачкото мнозинство се претвори или се изврте во нешто што некои го нарекоа политички маркетинг. Испаѓа дека во ова Собрание оние што треба да размислуваат се само од владеачкото мнозинство, она што ние го предлагаме е политички маркетинг, популизам и дека само потезите на Владата најисправните и оние што утре ќе донесат по Вардар да тече мед и млеко наместо загадена вода.

Мислам дека таквиот пристап не не води никаде и сериозно треба да размислиме, јас лично да размислам како понатаму во ова Собрание, дали навистина да не даваме идеи преку нашите амандмани или да даваме амандмани со кои само политички ќе се препукуваме, а нема да настојуваме да решиме некој проблем. Значи политичкиот дијалог во нашето Собрание се сведува само на тоа да се даваат политички дисквалификации на оние кои се залагаат за некоја идеја да се реши. Најискрено ми е жал поради тоа, но што е тука е, јавноста е таа што ќе не цени и која што ќе формира свое мислење за тоа кој, како и зошто така се однесува во Парламентот.

Околу амандманот, прво да кажам дека нема никаков популизам или политички маркетинг, мислам дека идејата е издржана. Се обидов да образложам дека таа може и има потреба да се реализира. Сите мои колеги кои дискутираа во поддршка на амандманот јасно кажаа дека имаме една затекната состојба на спортските објекти кои се во локалната самоуправа, пред се на спортските сали кои ги градеа граѓаните со самопридонес, од платата им се одвојувале 1-2% кога работеле и се изградила спортска сала. После со закон ги презема државата и не се вложи ниту еден денар во нивно одржување, инвестирање и поправање. Течат покриви, не работат тушеви, нема соблекувални, нема место со пристојни стандарди кога ќе дојде екипа од страна за да може да се изигра меѓународен натпревар итн. Сега се вратија дел од нив на локалната самоуправа. Во таква состојба во која што не е прашање одржувањето, прашање е ако се продолжи вака дали салите ќе продолжат да постојат како такви или ќе се стави клуч на нив затоа што не можат да функционираат.

Дел од салите ги издадоа под закуп на 30, а еве слушнавме и на 100 години и не се знае што понатаму, какви договори се склучија за нивно издавање, дали да се задржи основната намена или да се пренаменат во угостителски објекти, слаткарници или не знам што, каде се преднаменети за одржување на спортски натпревари.

Околу она прашање што се отвори дека многу се инвестирало 1998-2002 година, во најмала рака тоа беше класично перење на парите од продажбата на Македонските телекомуникации. Парите се потрошија, ниту граѓаните видоа спортски сали, ниту видоа спортски објекти, туку видоа, како што се кажа овде еден куп споменици кои стојат и сега повторно ќе ги доградуваме истите, само сега немаме Телеком да продадеме, веројатно половина пари од Дистрибуција ги потрошија за враќање долгови, половина ќе одат на некои други работи. Мислам дека со такво однесување дека само некоја партија градела, а не некоја друга, едностано се замајува јавноста, додека проблемот останува нерешен. Сега ќе градиме нови таму каде што треба. А овие што постојат ќе пропаѓаат? А се прекрасни објекти. Со малку повеќе инвестиции може и тие да се оспособат. Но знаете, нема сликање кога инвестирате во одржување, туку кога градите нови сали, ќе удрите камен темелник, спортски објекти, ќе се сликаат итн, и ќе има во јавноста одзив. А вака, што ќе одржуваме сега кога никој нема да знае во јавноста, нема да ни биде рејтингот над 20%.

И на крајот би сакал да кажам околу Велес, бидејќи беше спомнат. За жал, и од 1998 до 2002 година Владата на ВМРО-ДПМНЕ не даде ниту денар за Велес, ниту сега даде пари. Она што го зборуваше министерот за Рамина, само да го потсетам, кога беше расправата за Буџетот немаше ниту еден денар предвиден за санирање на свлечиштето Рамина. Ние поднесовме амандман со кој реално беа прикажани средствата, еден ммилион денари, повторно министерот од политички причини го прифати амандманот на колегата, кој што е упола помалку од потребните пари. Сега Владата распиша тендер на необезбедени средства во Буџетот за санација или изградба на потпорен ѕид, а премиерот отиде да се слика и да прави маркетинг, Владата немаше поим, немаше план да го решава свлечиштето Рамина. Тоа е уште еден начин како се однесува, како размислува оваа Влада. Така ќе биде и за стадионот во Охрид кога ќе се удира камен темелникот, градоначалникот ќе го стават во седми ред, битно

е да се слика владеачкото мнозинство дека тоа нешто прави. Не се води така држава, не се решаваат така проблемите.

Да се вратам на амандманите. Мислам дека идејата е добра и дека пратениците треба да размислат да го прифатат амандманот, да почнеме да решаваме еден крупен проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум)

Пет минути пауза за да се обезбеди кворум.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 13, воздржани нема, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Бидејќи првиот амандман и овие на некој начин е поврзан со вториот и третиот амандман, а Владата не го прифати првиот амандман и овие другите амандмани стануваат беспредметни, за жал. Ги повлекувам амандманите.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Верица Филипова, Оливер Спасовски, Лилјана Поповска, Соња Ѓелова Стојанова и Виолета Ташева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам. Овој амандман поднесен од страна на нашата пратеничка група се однесува на тоа 50% од давачката која што сега се воведува да се наменат за формирање на посебен фонд за решавање на статусот на невработените со над 25 години стаж, т.н. стечајни работници. Се надевам дека колегите од мнозинството ќе не сослушаат, бидејќи ова прашање сакале, или не неможеме вечно да го одбегнуваме, бидејќи секој ден кога доаѓаме нас работа во Собранието ги гледаме шаторите од другата страна на улицата веќе како 50-ти ден стојат, а тие луѓе сеуште немаат никаква надеж, или некаква активност од страна на владеачкото мнозинство дека планира овој нивни проблем да го реши. За ова прашање досега многу пати зборуваше нашата пратеничк група и многу пати дискутиравме. Имавме амандмани по разни закони. Претходно со закон предлагавме да се врати старото законско решение во кое што сите оние кои што имаат над 25 години стаж, повторно од Бирото да примаат надоместок до нивно повторно вработување, или заминување во пензија. За жал, владеачкто мнозинство го одби таквиот амандман. Сега имајќи во предвид дека се воведува или отвораме прашање за една друга давачка која што министерот начелно рече дека планираат врз основа на тие претходни искуства дека ќе тежи околу 100 милиони денари. Јас мислам дека ќе тежи малку повеќе. Сметаме дека половина од тие средства е добро да се наменат за формирање на посебен фонд кој што ќе биде наменет токму за овие стечајни работници. Очигледно дека темата за стечајците не е многу интересна за пратениците од мнозинството и мислам дека грешат со таквиот однос. Но, тоа е тоа. Ние ќе дискутираме во интерес на јавноста и во интерес на оние луѓе кои што 50 дена лежат од другата страна на Собранието во "Жена парк".

Министерот кажа дека 50% кои што остануваат од оваа давачка се наменети за хуманитарни, невладини здруженија, граѓани, хуманитарни цели. Мислам дека од ова похуманитарна работа и похуманитарна цел во моментов во Република Македонија нема. Секоја чест на сите други групи на граѓани кои што имаат потреби и за кои што Владата ќе најде начин да ги финансира. Мене ме загрижува фактот дека до сега не видовме ниту една иницијатива, не видовме ниту еден напор ова прашање да се реши. Сега се поставува прашање, што всушност, каков е односот на власта спрема граѓаните. Имаме сознанија дека сакаат само власта да купи време, па ќе ги прати некои од коалиционите партнери да ги видат стечајните работници, па тој ќе им вети, дајте ми го мене, јас ќе ви го поднесам законот во Собрание и ќе го натерам премиерот Груевски да им каже на неговите колеги од ВМРО-ДПМНЕ да

го реши прашањето. Поминуваат 10 дена, иницијативата ја нема. Потоа ќе оди некој друг од помалите коалициони партнери и истото ќе им го каже на стечајните работници, повторно решение нема. Ќе ги прими Владата во зградата каде што е сместена, исто така ќе им кажат во лице: ние не можеме да ви го решиме вашето прашање. А од друга страна гледаме како оваа Влада, оваа наша држава се расфрла со многу пари. Слушавме и вчера во интервјуто на премиерот дека перформансите на Буџетот, тука е и министерот за финансии, сигурно ќе потврди дека се одлични и дека ние толку многу сме биле напред што сега е ред да почнеме да ги враќаме парите кои што сме ги зеле за да реализираме проекти од кои што ќе направиме пари со повисок профит од каматата. И сега дојде ред парите кои што претходната Влада ги остави на владеачкото мнозинство од продажбата на Електростопанство на Република Македонија да ги даде за враќање на долгови, без притоа да објасни дали во Република Македонија, да речеме немаме други проблеми кои што можат да се решат со овие средства. Стечајците се еден проблем. Дали немаме програми во делот на земјоделството со кој што ние ќе создадеме профит поголем од каматите кои што треба да ги вратиме и парите поефективно ќе ги искористиме. Дали немаме проекти во текстилната индустрија да ја оспособиме за конкуренција, за прехранбената индустрија, за градежништвото. Едноставно така било добро за имиџот на Република Македонија да ги враќаме парите на ММФ иако се земени под поволни услови со долг грејс период и со долги рокови на враќање. А од друга страна немаме пари да го решиме проблемот на стечајните работници само затоа што ние не сме им ветиле додека била кампањата, иако тие барале од нас. Тоа се зборови на премиерот. Мислам дека Република Македонија со ваквиот начин на однесување на власта далеку се отстранува од она што значи уставна категорија дека е социјална држава и држава која што ќе се грижи за социјалната сигурност на своите граѓани. Недозволиво е 50 дена луѓето да ви лежат пред Собрание, едноставно да нема начин да им се помогне било како. Дури нема ни иницијатива од некого да се реши прашањето од власта. Едноставно не пишува во весниците, не ги даваат на телевизија, проблем нема. Барем ние секој ден што доаѓаме на работа во ова Собрание ги гледаме оние шатори пред Собранието. Сега веќе не знам како да се обратиме, ако има малку разумност, малку совест, малку хуманост, мислам дека со овој амандман ќе биде еден почеток да се почне да се решава овој проблем. Апелирам до колегите без разлика на партиската директива, без разлика на она што им кажале, да го поддржат амандманот, да почнеме да го решаваме проблемот, бидејќи ќе дојде време кога недај Боже ќе се случи нешто полошо од другата страна на Собранието. Тогаш веќе ќе пропаднат во вода и проекти и пари и се друго што значи решавање на тој нивни проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Агим Рамадани три минути реплика

**Агим Рамдани:** Ви благодарам господине претседател. Го слушав внимателно претходниот господин кога говореше и секогаш сите закони кои што се предложени од страна на Владата за него се неприфатливи. И крајно време е како што вели тој да предложи амандмани со кои што сакаат да го нарушат всушност концептот на реализација на финансиската политика на Владата. Господинот бара преку тие луѓе кои што се страдалници, кои што се излезени пред Парламентот и излезени се по нивна наредба, а од работа ги отпуштиле тие со законите кои што тие ги спровеле, или ги донеле во нивно време. Сега ги искористува и сите луѓе како хартија всушност за да се занимава со Владата на Република Македонија. Мислам дека е нечесно во нивно име, значи на тие што седат пред Собранието, да се каже дека е крајно време и дека може да се случи и најлошото во Република Македонија со тие луѓе што се пред Парламентот. Јас би го запрашал господинот, дали може тоа најлошото да биде полошо од лошото во 2001 година кога се случи тоа што се случи во Република Македонија, конфликтот во Република Македонија. Доколку размислува на тој начин, а верувам дека не би требало да размислуваме така за една голема грешка, затоа што оваа Влада размислува за сите категории на луѓе, за нивната сигурност, безбедност, за тие што се останати без работа, за младите луѓе кои што чекаат работа и завршиле факултет, е голем грев да земеш 60 годишен човек на работа, или пак да го обезбедиш него, а да оставиш еден млад студент кој што туку што дипломирал, значи младиот човек да остане без работа, без перспектива. Значи Владата на Република Македонија работи во насока на развој и отворање на нови работни места, на санирање на сите последици кои што произлегоа од вашето четиригодишно владеење и развивање на една прогресивна политика во насока на утврдувањето и вработувањето на младите. Вие многу добро гледате како чекори оваа Влада со прогресивни чекори нанапред без дискриминирање и со правење на некои точно утврдени финансиски ситуации и проекции. Таа не може да делува така како што вие предлагате со вашите амандмани до Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Марјанчоп Николов.

**Марјанчо Николов:** Значи, господине Агим Рамадани вие изнесовте толку невистини, толку, да не речам некој погруб збор, што малку е една минута да ви одговори. Но, околу суштинските работи, бидејќи политичките упорно вие сами си ги коментирате како ви одговара. Прво, ако вие велите дека ги решавате проблемите на младите. Зошто се зголемува бројот на невработени во Република Македонија во Агенцијата за

вработување и посебно се зголемува бројот на млади и невработени луѓе во Република Македонија. Вие велите, ги решавате и другите проблеми. Се зголемува бројот на невработени, а не го решавате ниту проблемот на стечајците. А за тоа од кои фабрики испаднаа и кој ги прогласи, јас ќе ви кажам за Велес. Најголемиот дел се од “Порцеланка”, од “Лозар” кои што пропаднаа во времето од 1998 до 2002 година. Имам и факти и документи кои ќе ви ги изнесам. И жално е што пробувате еден проблем да го решите со наметнување на други проблеми. Еден по еден решавајте ги, ќе имате успех. А вака само да зборувате има многу проблеми, па не знаеме кој да го решаваме, а нешто работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Претседателе, дозволете и јас да ја изразам мојата поддршка и како член кој што го предлага овој амандман. Претходно сакам да констатирам две работи, дека недозволиво е министерот за финансии да не образложи зошто го одби овој амандман. Бидејќи сметам дека е коректно да ја чуеме минимум аргументацијата за такво нешто. Но, ако тоа е определбата, тогаш тоа е негова лична определба, или на Владата, се едно. А тоа говори дека за клучни и суштински работи Владата се однесува, би кажал сосема арогантно и самобендисано. За жал, тоа можеме да го констатираме и во Штип кога министерот за финансии ги одбруси едноставно текстилните работници, како што и денеска се обидува со стечајните работници да го направи на истиот начин со една многу симплифицирана реченица, дека Владата не го прифаќа амандманот. Зошто? Не можевме да слушнеме.

Втората работа е што не можам а да не констатирам дека секогаш кога ќе стане збор за оваа категорија граѓани кои што за жал, а тоа можевме да го слушнеме и од нив лично, протестираат повеќе, или речиси 50-тина дена на 20 метри тука од нас, пратениците од владеачкото мнозинство како да добиваат алергија, се возбудуваат. Па можевме да видиме дека две пратенички од владеачкото мнозинство кои што дале поддршка на овој амандман на група пратеници од СДСМ, речиси во паника се обидоа тоа да го испраат во рок од десетина минути, не баре направиле голем грев. Ова морам да го констатирам, бидејќи не е коректно кога станува збор за ваков тип на амандмани кои што сите се согласувате дека има благородна природа, да имаме таква ситуација пратеничките од ВМРО-ДПМНЕ кои што можеби навистина по грешка се потпишале, тука нема ништо спорно, направиле трошок на ова Собрание со исправката на оваа грешка од прилика околу 100 евра заради штампање на оваа хартија, но тоа е друга приказна за други моменти. Така панично реагираат, не баре направиле грев и сакаат веднаш да се исперат. Навистина не ми е јасно што тоа се смени во изминативе осум месеци кај членовите на парламентарното мнозинство кои што со полна уста заедно не само пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, туку и на останатите пратеници од оваа владеачка коалиција ветуваа на оваа група на граѓани. Веројатно се промени со тоа што тие дојдоа на власт и во дадениот момент веднаш заборавија што имаат ветено и земено како (По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 13, воздржани нема, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Бидејќи првиот амандман и овие на некој начин е поврзан со вториот и третиот амандман, а Владата не го прифати првиот амандман и овие другите амандмани стануваат беспредметни, за жал. Ги повлекувам амандманите.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Верица Филипова, Оливер Спасовски, Лилјана Поповска, Соња Ѓелова Стојанова и Виолета Ташева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам. Овој амандман поднесен од страна на нашата пратеничка група се однесува на тоа 50% од давачката која што сега се воведува да се наменат за формирање на посебен фонд за решавање на статусот на

невработените со над 25 години стаж, т.н. стечајни работници. Се надевам дека колегите од мнозинството ќе не сослушаат, бидејќи ова прашање сакале, или не неможеме вечно да го одбегнуваме, бидејќи секој ден кога доаѓаме нас работа во Собранието ги гледаме шаторите од другата страна на улицата веќе како 50-ти ден стојат, а тие луѓе сеуште немаат никаква надеж, или некаква активност од страна на владеачкото мнозинство дека планира овој нивни проблем да го реши. За ова прашање досега многу пати зборуваше нашата пратеничк група и многу пати дискутиравме. Имавме амандмани по разни закони. Претходно со закон предлагавме да се врати старото законско решение во кое што сите оние кои што имаат над 25 години стаж, повторно од Бирото да примаат надоместок до нивно повторно вработување, или заминување во пензија. За жал, владеачкто мнозинство го одби таквиот амандман. Сега имајќи во предвид дека се воведува или отвораме прашање за една друга давачка која што министерот начелно рече дека планираат врз основа на тие претходни искуства дека ќе тежи околу 100 милиони денари. Јас мислам дека ќе тежи малку повеќе. Сметаме дека половина од тие средства е добро да се наменат за формирање на посебен фонд кој што ќе биде наменет токму за овие стечајни работници. Очигледно дека темата за стечајците не е многу интересна за пратениците од мнозинството и мислам дека грешат со таквиот однос. Но, тоа е тоа. Ние ќе дискутираме во интерес на јавноста и во интерес на оние луѓе кои што 50 дена лежат од другата страна на Собранието во "Жена парк".

Министерот кажа дека 50% кои што остануваат од оваа давачка се наменети за хуманитарни, невладини здруженија, граѓани, хуманитарни цели. Мислам дека од ова похуманитарна работа и похуманитарна цел во моментов во Република Македонија нема. Секоја чест на сите други групи на граѓани кои што имаат потреби и за кои што Владата ќе најде начин да ги финансира. Мене ме загрижува фактот дека до сега не видовме ниту една иницијатива, не видовме ниту еден напор ова прашање да се реши. Сега се поставува прашање, што всушност, каков е односот на власта спрема граѓаните. Имаме сознанија дека сакаат само власта да купи време, па ќе ги прати некои од коалиционите партнери да ги видат стечајните работници, па тој ќе им вети, дајте ми го мене, јас ќе ви го поднесам законот во Собрание и ќе го натерам премиерот Груевски да им каже на неговите колеги од ВМРО-ДПМНЕ да го реши прашањето. Поминуваат 10 дена, иницијативата ја нема. Потоа ќе оди некој друг од помалите коалициони партнери и истото ќе им го каже на стечајните работници, повторно решение нема. Ќе ги прими Владата во зградата каде што е сместена, исто така ќе им кажат во лице: ние не можеме да ви го решиме вашето прашање. А од друга страна гледаме како оваа Влада, оваа наша држава се расфрла со многу пари. Слушавме и вчера во интервјуто на премиерот дека перформансите на Буџетот, тука е и министерот за финансии, сигурно ќе потврди дека се одлични и дека ние толку многу сме биле напред што сега е ред да почнеме да ги враќаме парите кои што сме ги зеле за да реализираме проекти од кои што ќе направиме пари со повисок профит од каматата. И сега дојде ред парите кои што претходната Влада ги остави на владеачкото мнозинство од продажбата на Електростопанство на Република Македонија да ги даде за враќање на долгови, без притоа да објасни дали во Република Македонија, да речеме немаме други проблеми кои што можат да се решат со овие средства. Стечајците се еден проблем. Дали немаме програми во делот на земјоделството со кој што ние ќе создадеме профит поголем од каматите кои што треба да ги вратиме и парите поефективно ќе ги искористиме. Дали немаме проекти во текстилната индустрија да ја оспособиме за конкуренција, за прехранбената индустрија, за градежништвото. Едноставно така било добро за имиџот на Република Македонија да ги враќаме парите на ММФ иако се земени под поволни услови со долг грејс период и со долги рокови на враќање. А од друга страна немаме пари да го решиме проблемот на стечајните работници само затоа што ние не сме им ветиле додека била кампањата, иако тие барале од нас. Тоа се зборови на премиерот. Мислам дека Република Македонија со ваквиот начин на однесување на власта далеку се отстранува од она што значи уставна категорија дека е социјална држава и држава која што ќе се грижи за социјалната сигурност на своите граѓани. Недозволиво е 50 дена луѓето да ви лежат пред Собрание, едноставно да нема начин да им се помогне било како. Дури нема ни иницијатива од некого да се реши прашањето од власта. Едноставно не пишува во весниците, не ги даваат на телевизија, проблем нема. Барем ние секој ден што доаѓаме на работа во ова Собрание ги гледаме оние шатори пред Собранието. Сега веќе не знам како да се обратиме, ако има малку разумност, малку совест, малку хуманост, мислам дека со овој амандман ќе биде еден почеток да се почне да се решава овој проблем. Апелирам до колегите без разлика на партиската директива, без разлика на она што им кажале, да го поддржат амандманот, да почнеме да го решаваме проблемот, бидејќи ќе дојде време кога недај Боже ќе се случи нешто полошо од другата страна на Собранието. Тогаш веќе ќе пропаднат во вода и проекти и пари и се друго што значи решавање на тој нивни проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Агим Рамадани три минути реплика

**Агим Рамдани:** Ви благодарам господине претседател. Го слушав внимателно претходниот господин кога говореше и секогаш сите закони кои што се предложени од страна на Владата за него се неприфатливи. И крајно време е како што вели тој да предложи амандмани со кои што сакаат да го нарушат всушност концептот на реализација на

финансиската политика на Владата. Господинот бара преку тие луѓе кои што се страдалници, кои што се излезени пред Парламентот и излезени се по нивна наредба, а од работа ги отпуштиле тие со законите кои што тие ги спровеле, или ги донеле во нивно време. Сега ги искористува и сите луѓе како хартија всушност за да се занимава со Владата на Република Македонија. Мислам дека е нечесно во нивно име, значи на тие што седат пред Собранието, да се каже дека е крајно време и дека може да се случи и најлошото во Република Македонија со тие луѓе што се пред Парламентот. Јас би го запрашал господинот, дали може тоа најлошото да биде полошо од лошото во 2001 година кога се случи тоа што се случи во Република Македонија, конфликтот во Република Македонија. Доколку размислува на тој начин, а верувам дека не би требало да размислуваме така за една голема грешка, затоа што оваа Влада размислува за сите категории на луѓе, за нивната сигурност, безбедност, за тие што се останати без работа, за младите луѓе кои што чекаат работа и завршиле факултет, е голем грев да земеш 60 годишен човек на работа, или пак да го обезбедиш него, а да оставиш еден млад студент кој што туку што дипломирал, значи младиот човек да остане без работа, без перспектива. Значи Владата на Република Македонија работи во насока на развој и отворање на нови работни места, на санирање на сите последици кои што произлегоа од вашето четиригодишно владеење и развивање на една прогресивна политика во насока на утврдувањето и вработувањето на младите. Вие многу добро гледате како чекори оваа Влада со прогресивни чекори нанапред без дискриминирање и со правење на некои точно утврдени финансиски ситуации и проекции. Таа не може да делува така како што вие предлагате со вашите амандмани до Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Марјанчоп Николов.

**Марјанчо Николов:** Значи, господине Агим Рамадани вие изнесовте толку невистини, толку, да не речам некој погруб збор, што малку е една минута да ви одговори. Но, околу суштинските работи, бидејќи политичките упорно вие сами си ги коментирате како ви одговара. Прво, ако вие велите дека ги решавате проблемите на младите. Зошто се зголемува бројот на невработени во Република Македонија во Агенцијата за вработување и посебно се зголемува бројот на млади и невработени луѓе во Република Македонија. Вие велите, ги решавате и другите проблеми. Се зголемува бројот на невработени, а не го решавате ниту проблемот на стечајците. А за тоа од кои фабрики испаднаа и кој ги прогласи, јас ќе ви кажам за Велес. Најголемиот дел се од “Порцеланка”, од “Лозар” кои што пропаднаа во времето од 1998 до 2002 година. Имам и факти и документи кои ќе ви ги изнесам. И жално е што пробувате еден проблем да го решите со наметнување на други проблеми. Еден по еден решавајте ги, ќе имате успех. А вака само да зборувате има многу проблеми, па не знаеме кој да го решаваме, а нешто работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Претседателе, дозволете и јас да ја изразам мојата поддршка и како член кој што го предлага овој амандман. Претходно сакам да констатирам две работи, дека недозволиво е министерот за финансии да не образложи зошто го одби овој амандман. Бидејќи сметам дека е коректно да ја чуеме минимум аргументацијата за такво нешто. Но, ако тоа е определбата, тогаш тоа е негова лична определба, или на Владата, се едно. А тоа говори дека за клучни и суштински работи Владата се однесува, би кажал сосема арогантно и самобендисано. За жал, тоа можеме да го констатираме и во Штип кога министерот за финансии ги одбруси едноставно текстилните работници, како што и денеска се обидува со стечајните работници да го направи на истиот начин со една многу симплифицирана реченица, дека Владата не го прифаќа амандманот. Зошто? Не можевме да слушнеме.

Втората работа е што не можам а да не констатирам дека секогаш кога ќе стане збор за оваа категорија граѓани кои што за жал, а тоа можевме да го слушнеме и од нив лично, протестираат повеќе, или речиси 50-тина дена на 20 метри тука од нас, пратениците од владеачкото мнозинство како да добиваат алергија, се возбудуваат. Па можевме да видиме дека две пратенички од владеачкото мнозинство кои што дале поддршка на овој амандман на група пратеници од СДСМ, речиси во паника се обидоа тоа да го исправат во рок од десетина минути, не баре направиле голем грев. Ова морам да го констатирам, бидејќи не е коректно кога станува збор за ваков тип на амандмани кои што сите се согласувате дека има благородна природа, да имаме таква ситуација пратеничките од ВМРО-ДПМНЕ кои што можеби навистина по грешка се потпишале, тука нема ништо спорно, направиле трошок на ова Собрание со исправката на оваа грешка од прилика околу 100 евра заради штампање на оваа хартија, но тоа е друга приказна за други моменти. Така панично реагираат, не баре направиле грев и сакаат веднаш да се исперат. Навистина не ми е јасно што тоа се смени во изминативе осум месеци кај членовите на парламентарното мнозинство кои што со полна уста заедно не само пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, туку и на останатите пратеници од оваа владеачка коалиција ветуваа на оваа група на граѓани. Веројатно се промени со тоа што тие дојдоа на власт и во дадениот момент веднаш заборавија што имаат ветено и земено како обврска.

Заборавија и едните и другите и оние од ВМРО ДПМНЕ и оние од НСДП дека ветија и се обврзаа дека ќе го решат прашањето на оваа група на граѓани на Република Македонија, кои, патем, за

волја на вистината, мора да се каже дека го добија овој статус, ја добија оваа несреќа благодарение на исклучително добрите економски потези во тоа време премиерот Љубчо Георгиевски, во тоа време министерот за финансии, Никола Груевски, во тоа време некои активни советници, а сега министри на премиерот Груевски.

Но, кога тоа ќе го тргнеме на страна, останува горчливот впечаток дека луѓето седат на 20-тина метри од овој дом, 50 дена во нехумани услови, пратениците од владеачкото мнозинство не само што не се ни обидуваат да го решат овој проблем, но и кога ќе имаат можност да барем малку го релативизираат, малку го помогнат, тие бегаат од салата. Сега ги нема. Се откажуваат ако по грешка дале поддршка. Не се ни пријавуваат за дискусија, а знаат да дискутираат за се и сешто. Тоа говори дека не постои искрена намера или обратно, постои лага, за се то она што е искажано во текот на предизборната кампања, а е резултат на пратениците на ВМРО ДПМНЕ и нивните коалициони партнери.

Да биде иронијата поголема, со овој амандман не се интервенира во оние 50% зафаќање од новата давачка што се предвидува да оди во изградба на спортски објекти, туку се бара да остатокот од овие 50% оди во посебен фонд, за решавање на статусот на невработените лица со над 25 години работен стаж.

Никој од нас во оваа сала нема илузија дека со овие средства, што патем, почнувајќи од министерот никој не ги знае, ќе им се реш проблемот.Но, апсолутно, сите треба да бидеме подготвени да колку-толку партиципираме во овој момент, со овој амандман и со овој закон, во олеснувањето на проблемите. Бидејќи поминаа осум месеци, поминаа 50 дена откако тие штрајкуваат. Владата го третира овој проблем со една едноставна, јас би додал лажна реченица - ќе преземеме активни мерки. Па кои активни мерки ги преземавте до сега во овие 50 дена? Што е тоа што се направи од страна на Владата за решавање на проблемот на овие работници? Ништо.

Сега нудиме мерка за олеснување на овој проблем. Не се ни трудите да го дадете образложението зошто. Пратениците од власта си одат од оваа сала.

Што е причината што како од чума бегате од овој проблем? Сите имаме обврска, како пратеници да помогнеме со овој амандман. Никој нема да стави медаља или орден на своите ревери велејќи дека го решил проблемот, бидејќи со овој амандман не се решава проблемот. Но, се придонесува кон решавањето на проблемот во онаа мерка во која што може, конкретно, со овој законски проект. И тоа не го прифаќате.

Не е во ред. Не е во ред не заради нас како предлагачи, најмалку. Не е во ред заради тие луѓе кои ги имате и ги имаме заеднички надвор, пак ќе речам на 20 метри, во нехумани услови, надвор од оваа сала.

Дополнително јас не ја разбирам потребата да на сите амандмани кои се предложени, а се, како што велите, благородни, дадете објаснување дека не се прифаќаат. Не ги прифативте амандманите, амандманот за лицата со посебни потреби, не го прифативте претходниот амандман да се интервенира во делот на руинираните изградени спортски објекти. Жените, жртви на семејно насилство ги есапите со 2%, а проблемот е многу поголем.

И на крајот, не го прифаќате ниту овој амандман. Јас не разбирам дали е толкава и огромна желбата, или ветувањето дека некој ќе направи бизнис од овие средства, а ќе одат во ветер, како што тоа беше случај со периодот 1998-2002 година, е толку голема и застапеноста е толку голема што воопшто не се ни трудите да и оние скромни средства, што можат да се одвојат со овој амандман ги доделите онаму каде што е непотребно.

Пред малку слушнавме, од еден колега пратеник, Владата немала намера да дискриминира. Замислете, тоа го говори пратеник кој во својата дискусија веќе ги дискриминираше младите и старите. Не баре треба да се бара вработување само за младите, а не и за оние кои тоа го немаат.

Вие, како Влада имате уставна обврска да го решавате проблемот на сите категории на граѓани. При тоа, политиката што ќе ја спроведувате, мора да има приоритети. Се согласувам дека вие сте одбрале приоритет. За оваа Влада, со тоа што не го прифаќате овој амандман, приоритет е да одвоите средства, за виктивни спортски сали или игралишта, како сакате, а не се приоритет решавањето на социјалниот статус на категорија на граѓани.

При тоа, за четири години, може овие одвоени средства ќе завршат во џебови, дали во Бугарија, дали во Македонија, како што тоа беше случај со претходните 30-тина спортски сали, а животот на оние граѓани надвор од ова Собрание, во Жена Парк и многу кои не се присутни во Жена Парк ќе биде за четири години полош, помизерен и проблемот нема да се реши. Ако е тоа приоритетот на оваа Влада, кажете јасно и гласно, за да се знае кој е пристапот, кој е принципот за утврдување на овој приоритет.

Ако приоритет е да се одвојуваат средства за спортски сали, за кои што веќе имаме едно лоши искуство, имаме еден сведок за тоа како ВМРО ДПМНЕ и Агенцијата за млади и спорт креираше спортски објекти и ако шетате низ Македонија, сеуште ќе ги видите како сведоци на криминалот и корупцијата, тогаш дајте, имајте доблест да остатокот од овие средства одат во посебен фонд за овие работници со над 25 години работе стаж, со што делумно ќе се влијае на решавање на нивниот проблем. Тоа не не амнестира или, поточно вас не ве амнестира да ги барате тн.,

активни мерки, што се активни само на хартија или само во дискусиите или само во стенограмите. Кога ќе заврши точката вие заборавате на се што сте рекле, заборавате на се што сте ветиле и повторно останува проблемот.

Некоректно е, нехумано е, ќе претставува со секој ден на нерешавање на овој проблем се поголема вашата лага кон овие граѓани. Имајте доблест, минимум со овој амандман, прифаќајќи го, да влијаете и да дадете надеж и порака дека сте на пат за решавање на овој проблем или дека сите заедно сме на пат на решавање на овој проблем.

Во спротивно, ќе сметам дека поголем приоритет на оваа Влада ќе претставува да се одвојат средства што ќе лебдеат некаде во воздухот, а најчесто завршуваат во џебовите на некого, ќе бидат определени за нешто што не знаеле како е изгледа, колку ќе чини, кој ќе го спроведе, и конечно, ќе се одвојат средства од кои што ќе профитираат еден, двајца, тројца, дали се во раководството на министерствата, на партијата итн. А, жртви ќе бидат сите работници кои со овој амандман ќе бидат опфатени. Едноставно, ова ќе претставува врвна хипокризијата, на измамата изборна, морам да кажам, ќе претставува врв на констатирањето дека оваа Влада не се грижи и нема намера воопшто да се грижи за социјалните проблеми на своите граѓани. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

За збор се јави министерот за финансии, господинот Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван пртседателе,

Владата на Република Македонија јавно, во неколку наврати го има изложено својот принципиелен став за решавањето на проблемот со оваа група на невработени лица, а што е предмет на дискусија овде, надвор од контекстот на законот за игри на среќа.

Но, мојата интервенција се однесува на следново:

Господинот Ивановски изнесе една невистина, што се однесува на една моја скорешна посета на Штип. Имено, истата работа ја слушнавме и од лидерот на СДС на заедничката прослава на годишнината на СДСМ, која што СДСМ ја беше организирал во Жена Парк, заедно со невработените лица што тие ги нарекуваат стечајни работници.

Имено, ми се припишува дека, наводно, сум се спротивставил на некој начин со текстилните работници, што е далеку од вистината. Во Штип имав средба со кластерот на текстилната индустрија, тоа се работодавачите.

Дозволете, заблагодарувајќи се што ми давате пригода овде да го објаснам тоа, со две реченици да го објаснам.

На работодавачите текстилната индустрија им кажавме дека и во предизборјето и сега правиме се да ги олесниме условите за работа. Ги намалилвме даноците, ги намаливме другите трошоци во врска со производувањето на гаранции за царините, но имаме право и нешто да побараме. Тоа беше она што јас го кажав. Баравме фер третман на работниците, бараме почитување на законите, а не интерпретирање на законите. Оваа моја изјава беше пренесена во електронските медиуми. Бараме плаќање на прекувремената работа, бараме плаќање на работата во или за време на празници.

Ова беше мојата интервенција. Значи, немав никаква средба со текстилните работници и никакви пораки не беа пренесени до нив. Сето што беше кажано, беше кажано во заштита на вработените во текстилната индустрија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Имаме две реплики, од Филипова Верица и Игор Ивановски.

Повелете господине Ивановски, реплика.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Ова е добра можност да констатираме дека некогаш, кога се зборува надвор од темата, што јас не го направив, не се прекинуваат. Тоа е добро. Добро е да се кажуваат работите, добро е да некој кој се почуствува прозвам, да го даде своето мислење и да аргументира.

Она што јас сакам да го кажам повторно, од прилика во трите минути на министерот за финансии не слушнавме ниту еден одговор на прашањето зошто се одби овој амандман.

Втората работа е што јас, со моите колеги пратеници, немаме можност да присуствуваме на ексклузивните средби на министерот со стечајните работодавачи. Добро е што се прават такви средби. Се надевам дека на дел од тие средби министерот ќе уважи некои од критиките и забелешките на кластерот на текстилните работодавачи, што се однесуваат на измените во делот на пензиското осигурување што ги направивме и кои што, за жал, резултатите од таа одлука ќе ги видиме многу скоро.

Третата работа е, јас само имам шанса да слушнам тоа што медиумите во Република Македонија го пренесоа, а се однесува на вашата посета и односот и ставот што го имате према текстилните работници. Веројатно не мислите дека медиумите во Република Македонија намерно ве саботираат, ја искривуваат вистината, или дека тие спроведуваат информации што не се коректни. Јас ги почитувам информациите пренесени од нивна страна и соодветно на нив, го формирав своето мислење и коментар.

Да повторам, сеуште не добивме никаков одговор зошто Владата го одбива амандманот со кој што се предвидуваат средства за работниците со работен стаж над 25 години што во моментов сеуште протестираат во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално збор побара Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван претседателе.

Мојата интервенција се однесува на исправката што е дадена од мене и од почитуваната колешка Соња Ѓелова.

Инаку, до колегата Игор Ивановски, добро е, бидејќи нашиот јазик е многу едноставен и подразбира она што пишува така и читај, исправката убаво кажува дека е печатна грешка. Во поднесениот Предлог, приклучување кон амандманот, кој, како коинциденција се совпадна датата и во прашање е само една бројка наместо 4, да биде 6.

Печатната грешка не значи дека службите во Собранието треба сега да ги линчуваме или не знам што да направиме. Очигледно колегата зло намерно го искористи ова, за да атакува некоректно и да дава свои видувања на нештата.

Инаку и јас и колешката бевме на семинарот организиран од страна на Собранието. Ние се приклучуваме кон амандманот за борба против семејното насилство и не би сакала да се шпекулира во однос на нашиот предлог, при вклучување на даден амандман. Не кон овој, туку кон амандманот на група пратеници, повторувам, под број 07-1074/4 од 28 март 2007 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Јас ве молам да го примите моето извинување, настана техничка грешка во службите.

Повелете, процедурално, Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Процедурално, на истиот начин како што тоа го направи мојата колешка, јас бев тој кој ја информираше јавноста за вашата грешка. Жал ми е што сте направиле печатна грешка, па како резултат на тоа е и оваа ситуација сега.

Но, она што вие го искажавте, сакам да кажам во живиот свет, за разлика од оној што го креира веронауката, има и друга ситуација, а тоа е го коментираше тоа што го гледаш.

Јас, со живи очи ве видов дека се испотепавте да што побрзо се обидете да се повлечете од овој амандман, небаре сте направиле страшно катастрофална грешка. Тоа говори само за вашиот однос кон овие работници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има госпоѓа Филипова Верица.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Репликата ми е на дискусијата на министерот околу средбата со претставниците во Штип од кластерот за текстил.

Би сакал да не ја дезинформираме јавноста и да не ја замајуваме со популизам дека министерот многу се грижел за состојбата на текстилните работници.

Во реакциите од страна на кластерот за текстил, дека сегашната Влада ја има зголемено давачката за придонесот за здравствено осигурување, министерот ветил, дека замислете, сеуште не стапил на сила новиот процент за придонес за здравствено осигурување, се сеќаваме овде се водеа долги дебати, па се усвои да по амандманот Владата, во последен момент, да биде од 1 јули 2007 година еден придонес, од 1 јануари 2008 година да биде потполниот придонес,со што ќе бидат оштетени текстилните работници, 40 илјади во 1200 мали и средни фирми во Република Македонија, со што ќе биде оштетена чевларската индустрија, а ќе бидат бенефицирани, односно ќе добијат повластици и до сега јаките компании како осигурителните друшва, банките, шпедициите и сл. Министерот ветил дека повторно ќе имаме промена на овој закон, односно дека нема да стапи на сила и нема да бидат овие додатни зафаќања од бруто платата на текстилните работници, нема да бидат такви.

Сакам да кажам дека, како што дискутиравме и тогаш, со овие зафаќања, ќе бидат многу, многу влошени условите на текстилните работници во Република Македонија. Бидејќи околу 1000 денари по текстилен работник односно вработени во чевларска индустрија итн., ќе се зафаќа повеќе по работник. Сето тоа има направено некоја процена дека би водело кон пропаѓање на дел од тие текстилни мали и средни претпријатија, односно до намалување на и така ниските плати на текстилните работници.

Јас ве молам министре, прилика е денес овде да кажете дали е ова точно, дали вашето образложение било тоа или е во прашање недоразбирање помеѓу вас и помеѓу претставниците од кластерот за текстил.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има министерот господин Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Одговор на прашањето.

Ве молам да си ги проверите информациите, проверете кој ве информирал во таа средба што беше многу продуктивна и многу пријатна. Возрасни луѓе изнесуваат прецизни информации. А тоа особено го прават кога тоа го прават во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика на излагањето на господин Игор Ивановски, има господин Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Морам да македонски, оти, сигурно или преводот бил лош или не ме разбрал господинот Игор Ивановски и другите дека јас зборувам во насока на дискриминација на оние кои се надвор пред Собранието.

Не, во никој случај тоа не го реков, ниту помислив на тоа, ниту врз никого да се прави дискриминација, а најмалку Владата мисли во таа насока.

Што значи дека самите вие сега, со вашите дискусии, во низа, од првиот па до последниот кажавте кој е виновникот што тие луѓе се пред Собранието. А тоа го кажавте самите, дека тие се од Велес, од одредена фабрика што останала без работа од 1998 до 2002 година. А, заборавате дека тие работници сега ги донесовте пред Собранието, зошто во вашиот мандат ги држевте по дома? Зошто не ги донесовте и тогаш па да имате оправдување пред вашите гласачи кога ја добвте власта и да им кажете дека дел од Буџетот ќе го одделиме за вас, а вие другите мора да трпите поради тоа што овие сега кои се надвор, треба да се решава проблемот.

А, што се однесува до младите, па на нив е светот. Не е светот на старите, кого шетате во Жена Парк, вашиот политичар во пензија. Оставете го човекот да го заврши политичкиот и живонтиот век дома, а не пред жените таму и пред тие работници. Почитувајте го малку. Немојте да го злоупотребувате во политиката.

Ако сакате баш да го решите проблемот, дајте, викнете ги вашите олигарси што ги создадовте со приватизацијата. Тие се оние кои ги имаат нивните пари во џебовите. Викнете ги тие сметки од надвор, нека се тука, нека се истурат пред Собранието, парите нека ги извадат, нека им ги дадат ним. Тие се оние кои им ги зеле парите. Вие фирливте камења во бунарот, ние се трудиме да ги извадиме но не може ништо. Сте направиле тунел. Сте изгубиле, од почеток до крај цели низи на генерации по однос на добивање социјална помош и вработување. Многу им ветивте. Сега, сите ваши ветување мораме ние да ги решаваме.

Е, па, ние не сме паднати од небо, одеднаш да ги решиме сите проблеми. Немојте така. Немојте да се бавите со стари комунистички идеи и стари трикови со шетање на Киро Глигоров во Жена Парк. Навистина не ви личи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Иван Ивановски, вашата минута, повелете.

**Иван Ивановски:** Благодарам колега Рамадани што признавте дека оваа Влада ниту има капацитет ниту ја бива да ги решава проблемите.

Не можев да разберам колку време ви треба да се ослободите од минатото и да сфатите дека вие имате обврска да решавате тоа што се случило денеска, за да биде подобро утре.

Во таа насока, јас, навистина не знам, пробаа другите колеги да ви помогнат, да се обидат да бидете коректен, бидејќи сте ми се чини доктор по професија. Но, навистина, оние фобии што ги имате, дали се од комунистичкиот, од социјалистичкиот период од одредени личности, од одредени ситуации, не се предмет за решавање во оваа сала. Ве молам, кога ги говориме работите, да не ги мешаме бабите и жабите, туку да говориме онака како што е потребно.

Ако некој треба да говори за криминал, а вие да го браните, навистина не можам да разберам. Прашајте го господинот Мендух Тачи што правеше во 1998-2002 година.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Макрадули ќе завршите ли за шест минути?

Не. Добро, тогаш ќе дадам пауза.

Давам пауза за ручек.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,54 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,13 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места, продолжуваме со работа.

Господинот јани Макрадули не е присутен.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Во овој парламентарен дом што и да се поднесе и каков да е издржлив амандман од страна на опозицијата не се прифаќа.

Но, сепак, како пратеник чувствувам потреба да зборувам по овој амандман, чиј предлагач сум јас и група пратеници од пратеничката група.

Во членот 3 во став 2, се додава нов став 3 кој гласи: “средствата од посебната давачка од став 1 на овој член, во висина од 50%, се издвојуваат во посебен фонд за решавање на статусот на невработените лица со над 25 години работен стаж”.

Неслучајно го поднесовме овој амандман. Наместо градење на сали, спортски објекти, парите да бидат наменски и во прав момент и на право место. За жал, во овој парламентарен дом гледам дека можеме на прсти да се преброиме, но со овој амандман поднесен од група пратеници, треба да отвориме посериозна дискусија и тоа сите ние почитувани пратеници, дали сме од опозиција или позиција, да не гледаме, бидејки се работи за едно многу сериозно прашање, што со луѓето кои веќе 50 дена се наоѓаат во Жена паркот.

Овој амандман го предложивме со цел да се помогне во изнаоѓање на финансиска конструкција за решавање на пробелмот на невработените лица со над 25 години работен стаж.

Јас доаѓам од Крива Паланка. Ги застапувам двете општини Крива Паланка и општината Ранковце, каде што има некаде околу 46% стечајни работници. Многу работници од Крива Паланка останаа на улица без егзистенција, без средства, едноставно поради одење на фирмите во стечај. Тоа е рудникот Тораница, фабриката за декоративни ткаенини Карпош, рудникот Бентомак. И покрај тоа што овој град Крива Паланка беше рударски град, индустриски град,

град текстилен, мало градче, но сите ги зближуваше и за сите имаше парче леб и нивна животна егзистенција.

Во овој момент овие луѓе 46% од жителите на Крива Паланка и општина ранковце се веќе стечајни работници, кои останаа н аулица, без егзистенција, без средства, едноставно поради одење на фирмите во стечај. Тие сега не знаат што да прават самите со себе. Покрај нивната лична егзистенција, доведени со во прашање и иднината на  нивните семејства и иднината на нивните деца.

Покрај тоа, што овие работници се жртва на транзицијата, јас би рекла дека тие се жртви и на политиката.

За време на предизборната кампања бевме сведоци, или до нас допираа информации дека многу од партиите кои што сега се во владеачкото мнозинство имаа контакти со оваа група на граѓани и притоа некој од нив им даваа писмени изјави во кој ветуваа дека ќе го решат нивниот проблем. Други на тајни средби терајки ги да протестираат против тогаш владеачката гарнитура им ветуваа дека кога тие ќе додјат на власт, под итно или по брза постапка ќе го решат нивниот проблем, онака како што тие сега очекуваат да биде решен. И еве гледаме какво е нивното решение. 50 дена се наоѓаат карши нас почитувани пратеници, а ние овде дискутираме, донесуваме закони и воопшто не можеме да најдеме термин, простор и време да подискутираме за луѓето кои се на работ на нивната животна егзистенција. Неслучајно и овој амандман кој е поврзан токму со стечајците и зборувам во контекст на нив, со предлогот даваме на некое поконструктивно решение, ако не може од Буџетот целосно да се исплати, бидејки на ниво на Република Македонија тие се помногубројни.

Тогаш владеачката гарнитура им ветуваше дека ќе им го реши проблемот. А до сега нема решение и така се препуштени сами да чекаат милост. Не со дополнителни мерки во смисла да си бараат сами вработување. Да добиваат одреден надомест за бизниси сами да основаат, туку едноставно, онака како што предлагачот во законот сега предлага. Затоа мислам дека овие луѓе се класични жртви на политиката, или на политичките манипулации и да не ја заборавиме онаа народната поговорка: “Кој си игра со оган, од оган и ќе изгори”.

Жал ми е што партиите од владеачкото мнозинство многу брзо забораваат што ветувале претходно. Поминаа 9 месеци од новата Влада како опстојува, работи, ги решава проблемтие, донесува закони и работи за доборото на Македонија . Ја водиме Република Македонија кон Европска унија. Но пред да ја одведеме до Европска унија ќе треба да решиме прво вака проблеми, за жал, многу за некои незначајни, за мене суштински, бидејќи се тргнува прв пат од базата, па потоа се решаваат другите проблеми.

Околу прашањето дали законот за нив е уставно издржан, дали ќе ни прифати ваков закон да донесеме ММФ или Светската банка, мислам дека тие аргументи се тие кои не држат. Наше е ние да им помогнеме на овие луѓе, заеднички сите во овој парламентарен дом и позиција и опозиција, за да може луѓето да се приберат во своите топли сопствени домови, при своите дечиња, за да може да живеат еден достоинствен човечки живот.

Потребните средства кои што треба да се обезбедат за реализација на овој закон, до колку има една бројка на ниво на Македонија зборувам 5 илјади, или 5500 стечајни работници, под услов да примаат месечен надомест, значи вкупно годишно се потребни околу 5  милиони и 900 илјади евра пари, кој што за Република Македонија мислам дека не претставуваат никаков проблем и Владата не дека не  може, туку мислам дека не сака да ги обезбеди во Буџетот, како би можеле овие работници да со ги решат своите проблеми. Ако Владата скрати само дел од своите трошоци за реклама, гледаме дека секој ден во весниците излегуваат некакви огласи или реклами. Ако скрати или обзнани колку пари трошиме за финансирање на имотите на министрите во странство, колку троши Владата за репрезентација, за мебел, за опрема, за нови возила, ќе видиме дека овие средства се една капка или многу мали а се постигнуваат големи ефекти во однос на прашањето што треба да се реши. Мислам дека ние еве со поднесување на овој амандман, нудиме  едно издржливо решение, колку и да е, но сепак, можат овие средства да придонесат за да може да им се реши проблемот на стечајците.

Затоа, во интерес на времето, а и во интерес на луѓето што чекаат надвор, јас нема да должам многу, туку ги повикувам сите пратеници, а многу сме малку овде, нека слушне целата македонска јавност, едвај се собираме во овој парламентарен дом . Јас како една од предлагачите на овој амандман ве повикувам сите да застанеме да го изгласаме овој амандман и да симнеме едно големо прашање од дневен ред во Република Македонија, прашање кое ќе значи решавање на 5500 судбини на граѓани, кои не по своја вина иако 25 години одвојувале парични средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а сега не можат да си купат парче леб и да обезбедат егзистенција за своите семејства. Не можат да си купат лековиод апотеките. Затоа ве замолувам, сите вие почитувани колеги, да го притиснеме копчето и да го изгласаме овој амандман, кој мислам дека е многу издржлив, без разлика што е предложен од страна на опозицијата. Да не гледаме. Во името на народот сите треба да бидеме единствени. Да мислиме за народот, затоа што тој народ знае да казнува. Тој народ имаше голема верба во вас, па затоа и ви ги дадоа гласовите. Нас не казнија. Но не значи ако не казнија дека не треба да им вратиме со добро. Ако некој удира со камен, ти удирај со

парче леб. Тогаш си поголем. И како човек и како граѓанин и како Македонец.

Како граѓанин на Крива Паланка, вчера во Нова Македонија, читајќи ги и листајќи ги весниците, но не за време на седниците, по завршување на седницата, во Нова Македонија на 23 април натпис Крива Паланка, стечајците остануваат пред Собрание. Не можам, а да не се приклучам кон овие луѓе кои велат дека стечајците со над 25 години работен стаж остануваат на барањето да добиваат 40% од просечната плата во Македонија до пензионирање, или до повторно вработување. Тие нема да ги повлечат шаторите поставени пред Парламентот, се додека ова барање не им биде исполнето. Ова е заклучокот од состанокот на Кривопаланечкиот огранок на Здружението на невработени лица со над 25 години работен стаж. На состанокот цитирам, се договоривме дека и натаму остануваме на барањето до колку не ни се даваат 40% од просечната плата во Македонија до пензионирање, или до повторно вработување шаторите не ги повлекуваме. Пред Собранието ќе останеме се додека нашето барање не ни се реши, изјави претседателот на огранокот од Крива Паланка, Душко Стојановски.

Ова го прочитав, затоа што јас, а и сите вие ги знаете проблемите и судбината на овие луѓе, а да чекаш и секојдневно да си во исчекување, да молиш, да бараш друг да ти го реши проблемот е многу тешко. Дај да смогнеме сила и сите најдме компромисно решение, да го притиснеме копчето и да го изгласаме овој закон.

Ве замолувам, почитувани пратеници да не гледаме уште еднаш ќе речам, дали сме опозиција или позиција. Се работи за човек, се работи за судбина на луѓе, се работи за нивните деца, и ве замолувам да го прифатите овој поднесен амандман со најдобра намера, а не да собираме популизам од нив. Не смееме да ги земем баш стечајците кои се наоѓаат во парков, напротив како луѓе да им докажеме дека навистина водиме грижа за нив. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Цветковска.

Збор има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван министер.

Прво, добро е што денеска се покрена прашањето околу стечајните работници, околу решавањето на нивниот проблем и околу нивната судбина. Заради тоа што околу 30 дена веќе никој воопшто во Република Македонија не ги спомнува, иако се пред Собранието, иако тоа не личи на ниту една правна држава да протестираат постојано без никој да не им обрнува внимане најмногу оние кој што се задолжени за решавање на ваквите проблеми, а тоа е Владата на Република Македонија.

Жал ми е што оваа дискусија ја покренуваме пак ние пратениците од опозицијата, иако очекувавме дека конечно ќе пристигне некакво решение од страна на власта, дека ќе пристигне некаков законски проект кој што беше ветуван на овие стечајни работници од пратеничките групи на коалиционите прартии во Владата на Република Македонија овде во Собранието, оние кои што им ветуваа дека се разработува таквото законско решени и наскоро ќе се најде на дневен ред на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, до сега такво решение не беше понудено и денес овој амандман отвори расправа во однос на проблемот кој со години се провлекува, проблем кој што ја засега оваа категорија на луѓе и нивните семјства кои неправедно станаа жртви на транзицијата, за што Владата односно државата ќе мора да им се одолжи.

Ова беше навистина можност Владата да го искористи овој амандман, со неговото прифаќање да покаже минимум добра волја за решавање на овој проблем. Постојано во аргументацијата која беше нудена пред Собранието на Република Македонија дека нема доволно финансиски средства за решавање на овој проблем или одредни законски проекти се или не се во согласност со Уставот на Република Македонија, мислам дека со прифаќањето на овој амандман, со делење на 50% од данокот кој се воведува со Законот за игри на среќа, кој е зголемен, иако кажуваме дека нема зголемување, да биде поделен токму за оваа категорија луѓе. Со тоа ќе го напрвиме тој прв чекор кон започнување на решавање на овој проблем. Со тоа ќе се искажеше добрата политичка волја која до сега остануваше само на ниво на декларации и јас сум убеден дека тоа така и понатаму ќе продолжи, мислејќи дека некој во Република Македонија е наивен, дека не ги согледува потезите на Владата, дека не сфаќа дека Владата сака да купува време, а да не го решава овој проблем. Меѓутоа, тоа ќе им се врати како бумеранг на сите оние кои мислат така. Многу добро разбираат и граѓаните на Република Македонија, а и оваа категорија на стечајни работници дека клучот на решавање на нивниот проблем е во Владата и во Собранието на Република Македонија. Сите тие, односно сите ние носиме одговорност за решавање на овој проблем, конечно еднаш мора да имаме и да покажеме доблест, меѓутоа, и да имаме храброст, да се одважиме и да гласаме согласно она што сме ветувале, што ни стои како проблем, без разлика дали премиерот сака да признае или не дека ветувал решавање на проблемот на стечајните работници, заради тоа што тоа се правеше во предизборниот период, тоа се правеше во времето додека беа опозиција, тоа се користеше за разни начини. Тогаш ги познаваа овие луѓе, ги познаваа кога требаше да ги регрутираат во “Гласот на светлината” како што беше случај со здружението во Куманови и мислам дека овој треба ние пратениците, нашата совест да покаже дека политичката волја постои во законодавниот дом, оние пратеници кои дадоа доверба на оваа Влада треба да го гласаат и ова

решение, со цел обезбдување на дел од финансиските средства за решавање на проблемот на стечајните работници и нивните семејства.

Инаку, приказните од типот дека активни мерки ќе применуваме во делот на вработувањето на овие работници, би сакал само да добиеме податок и ние во Собранието на Република Македонија и граѓаните, колку од стечајните работници се вработени во институциите на системот во овој период, имајќи предвид голем број на партиски кадри во разни институции беа вработени, дали има барем еден стечаен работник кој ќе ужива во една таква привилегија да може Владата во тој дел да каже дека ќе применува одредени активни мерки во делот на вработувањето на оваа категорија на граѓани. Доколку не е така, а сигуно не е така, доколку самите признаеме дека многу е тешко да се применуваат активни мерки токму на оваа категорија на луѓе, чесно е да се каже дека мора да се бараат други механизми со законски решенија, кои впрочем ги понуди опозицијата овде во Собранието, законски решенија кои биле применувани до 2000 година, кога беа укинати од ова Собрание и од тогашната влада на ВМРО-ДПМНЕ.

Заради тоа сакам уште еднаш да ги повикам колегите од парламентарното мнозинство од ВМРО-ДПМНЕ, НСДП, Социјалистичка партија, ДОМ и сите оние кои пишуваа писма и ги повикуваа во предизборната кампања да ги подржат се со цел во најскоро време да се реши нивниот проблем, со прифаќање однсно гласање за овој амандман тоа да го покажат на дело, овие пари да ги искористиме на корисен и хуман начин за решавање на проблемот на егзистенција на 5 илјади семејства во Република Македонија кои се од редот на стечајни работници и да не оставаме можност овие финансиски средства како што предвидува Владата да бидат користени за наводна изградба на спортски објекти во Република Македонија без никаков посебен план и елаборат, да не се соочиме со уште една програмска кампања која беше исто така направена 1998 - 2002 година, од чиј резултат нема ништо друго освен споменици кои ќе не потсетуваат на тоа време на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 до 2002 година. Затоа сакам да не направиме уште една грешка, да немаме уште некој споменик кој ќе не потсетува на ова време на владеење на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина не знам кому да му се обратам почитувани колеги пратеници, затоа што во овој случај министерот веќе си го кажа своето мислење и токму поради тоа не очекувам ниту да го слуша она што го говорам, затоа што за него веќе не е интересно. Тој кажа дека не го прифаќа амандманот и сега може слободно да си разговара на телефон и да се занимава со други работи додека е во собраниската сала. Но јас би сакала да се обратам до колегите пратеници, ама за жал, и нив малку ги има или ги има во недоволен број за да можат да помогнат при изгласување на овој амандман.

На самиот почеток би сакала да кажам дека ја подржувам идејата на колегите подносители на амандманот од СДСМ, со кој се обиделе да изнајдат решение или барем делумно да се учествува во една финансиска конструкција за решавање на проблемот на невработените лица со над 25 години стаж и навистина добро е што во овој случај пред нас имаме еден ваков амандман, па да можеме малку да проговориме за овие лица. При тоа најмалку би сакала да се служам со популизам, затоа што популизмот не ми е својствен, а меѓу другото сметам дека не носи кон решавање на проблемот. Напротив, популизмот има краткорочно дејство, а потоа вистината излегува на видело.

Зошто го говорам ова? Почитувани колеги, сведоци сме дека скоро два месеци стечајните работници се наоѓаат пред Собранието на Република Македонија и сега тука не би сакала да ја водам дебатата на генезата на проблемот зошто тие се тука, но факт е дека имаме проблем. Кој ја има вината за тоа што тие се наоѓаат во таква ситуација, за тоа можеме да дебатираме на друга седница, но и со таа дебата не го решавам нивниот проблем.

Почитувани колеги пратеници, имаме сериозен проблем, не е добро пред се за тие луѓе два месеци да минуваат во условите кои тие ги имаат, односно да бидат пред Собранието на Република Македонија, изложени на време, невреме, да бидат повеќе гладни отколку сити и да бидат далеку од своите домови. Но не е добро и за Република Македонија, поракта која што ја праќаме директно, непосредно пред Собранието на Република Македонија веќе два месеци да имаме шатори, картонски кутии, луѓе кои не гледаат ни трунка надеж за решавање на нивниот пробем.

Особено сакам да го искажам незадоволството од тоа што неколку пати правиме обиди да се сретнеме и со тие луѓе и се среќававме и голем дел од пратениците и од парламентарното мнозинство кажуваат дека стојат зад нив и сакаат да им помогнат во решавањето на проблемот. Еве, ова е еден од моментите кога може барем да се даде мал придонес за решавање на нивниот проблем. Јас немам јасна финансиска конструкција и престава дали баш овие пари ќе бидат доболни за решавање на нивниот проблем и ќе се успее со она што се предлага со овој амандман, 50% од средствата да се издвојуваат од Фондот за решавање на статусот на

невработените лица, но во секој случај ќе дадат придонес во решавање на нивниот проблем.

Очекувам дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, од НСДП, ќе ги повикаат своите колеги и ќе го подржат овој амандман, затоа што факт е, да не бегаме од вистината, дека во предизборните кампањи сите имаа ветување дека ќе го решат проблемот на овие невработени со над 25 години стаж. Апсолутно нема таков пратеник кој што во кампањата не им ветувал, од владеачкото мнозинство, тоа го кажуваат и самите стечајни работници, односно невработени со над 25 години работен стаж, да не го употребувам изразот стечајни работници, велат да, тие ни ветуваа дека ќе го решат нашиот проблем и токму поради тоа нема стечаен работник во Македонија кој не гласаше за партиите кои сега ја претставуваат власта, кои партиципираат во власта, кои се дел од парламентарното мнозинство.

Се обраќам до пратениците, прво, затоа што кажав дека министерот веќе си го кажа своето мислење и тука нема враќање назад, неговиот став е дека не го прифаќа, меѓутоа, пратениците можат да направат ваков чекор. Всушност, и за време на минатиот мандат исто така, да бидам искрена, Владата односно дел од министрите сметаа дека нема средства во Буџетот за исплата на одреден надомест на вработените со над 25 години стаж и тогаш се правеа разни калкулации околу нивната бројка, па тој број од 5-6 илјади се искачуваше на 30 илјади. Но, ако внимателно се погледант податоците кои ги дава Заводот за вработување, ќе видиме дека се работи за една бројка од 5-6 илјади невработени, значи за згрижување од 5 до 6 илјади семејства месечно, чиј надомест нема да биде повеќе од 5 илјади денари во текот на месецот. Тогаш парламентарното мнозинство собра сили, се спротивстави на мислењето на Владата и го изгласа овој закон. Значи еднаш имавме изгласан таков закон, потоа судбината на тој закон ја знаме, но сега имаме можност повторно да го изгласаме овој амандман и да претставува само еден почеток за решавање на проблемот на невработените.

Мислам дека не е логично  министерот и Владата да се задскриваат зад една дефиниција “активни мерки за вработување”, затоа што не гледаме ама баш никаков ниту почеток на активните мерки. Прво е прашањето кој би ги вработил тие луѓе кои имаат над 57 години старост, голем број од нив, значи прво кој би ги вработил, а второ, освен партиски вработувања до овој момент немаме баш никакви вработувања во Република Македонија. Напротив, имаме голем број на отпуштања. Еве, само за илустрација да кажам дека во Медицинскиот центар во Прилеп се отпуштени над 80 вработени меѓу кои и лекари, медицински сестри и останат здравствен персонал, што многу лошо се одразува на функционирањето на здравствената установа, на болницата во градот. Ова е само еден од примерите каде што имаме голем број отпуштања од работа и сега јас се прашувам како ќе може да се реши, кои се тие активни мерки за нови вработувања. Јас искрено и најискрено посакувам оваа Влада што поскоро почне тоа да го применува, затоа што навистина невработеноста во Република Македонија е многу изразена и за жал, во последниве месеци дури е порасната за повеќе од 12 илјади. Токму поради тоа ги посакува овие активни мерки, но за жал, гледаме дека не се случуваат. Но, не можам да се согласам со тоа дека ВМРО-ДПМНЕ не ги подржувала невработените со над 25 години стаж и за жал, сега во салата не гледам ниту еден од пратениците од оваа партија кои доаѓаат од Прилеп, но без разлика, сигурно ќе им биде пренесено затоа што двајца од нив биле и членови на Советот на општината и овде пред македонската јавност ќе го прочитам заклучокот кој што е донесен на еден од состаноците на Советот на општина Прилеп, каде што вели: “Советот на општина Прилеп го подржува барањето од здружението на работници со над 25 години стаж со нерегулиран статус, огранок Прилеп, во насока на остварување на нивните барања”. Се надевам дека министерот ме слуша и ќе го пренесе ова до премиерот на Република Македонија. Понатаму вели: “2. Заклучоците да се достават до градоначалникот на општина Прилеп, Владата на Република Македонија, минстерот за труд и социјална политика” итн. Значи овие заклучоци да се достават и долу е потписот на еден од сегашните пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, а тогаш претседател на Советот на општина Прилеп.

Почитувани колеги пратеници, да, точно е, вие тогаш сте ги подржувале овие луѓе, сте ги подржувале невработените со над 25 години стаж, но сега кога си ја остваривте својата цел, кога дојдовте на власт, многу брзо заборавивте на нив и ги оставивте со месеци да седат пред Собранието, да бидат далеку од своите блиски. Тука ги дочекаа и Велигденските празници и бидејќи вие сте големи христијани и верници, а се обидувавте нас да не претставите како неверници, мислам дека тоа не ви служи на чест овие луѓе да ги оставите пред Собранието на Република Македонија да го дочекаат еден од најголемите христијански празници како што е Велигден.

Токму поради тоа, се повикувам на вашата совест, сега имате можност да покажете доблест, да го притиснете копчето и да го изгласаме овој амандман. Јас знам дека со него не се решава целокупниот проблем, но барем претставува почеток за решавање на проблемот на овие луѓе кои веќе се на работ на издржливоста и ми се чини дека надежта е таа што последна умира, еве, веќе и надежта нив постојано ги напушта.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Се јавив за збор како подржувач и еден од подносителите на овој амандман, амандман со кој се предвидуваат одредени средства да се дадат за решавање на проблемот на групата работници со над 25 години работен стаж, а нерешен статус, како пратеник од Штип од каде потекнуваат голем дел од оваа група на стечајни работници. На почетокот би сакала да кажам дека најголем дел од нив потекнуваат од фирмите од текстилната индустрија “Македонка” Штип, од конфекцијата “Астибо” и од Земјоделскиот комбинат “Црвена Ѕвезда”. Тоа се големи некогашни индустриски гиганти кои отидоа во ликвидација во време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ во времето од 1998 до 2002 година. Поточно на 17 декември 2000 година беше ликвидиран “Астибо”, на 20 декември 2000 година беше ликвидиран Земјоделскиот комбинат “Црвена Ѕвезда” и на 28 декември 2000 година беше ликвидирана “Македонка”. Со тоа голем дел на дотогаш вработени луѓе останаа на улица, останаа без работа, останаа со нерешен статус. Повеќе пати сме дискутирале во ова Собрание за решавање на статусот на овие работници. Нивниот број, не би сакала да се повторувам со дискусиите од претходните дискутанти, меѓутоа морам да кажам, нивниот бројброи меѓу пет и шест илјади луѓе, луѓе постари од 55 години, луѓе со работен стаж над 30 години кои впрочем цел работен век издвојувале во ова општество издвојувале за пензиско осигурување, за здравствено осигурување и сите други давачки, а сега останаа на улица. Меѓутоа, јасно е уште повеќе дека и покрај тоа што 49 дена со денешниот ден овие луѓе и покрај тоа што кампуваат во паркот “Жена борец” односно се пред Собранието, Владата нема никаква намера да го реши нивниот статус. Да потсетам дека тоа не се луѓе членови на Социјал демократскиот сојуз како што беше кажано од еден од претходните дискутанти. Уште повеќе убедена сум дека многу малку, или ниту еден од нив на изборите на 5 јули не гласаше за СДСМ. Тие луѓе во предизборната кампања беа користени и им беше ветувано се само да бидат против тогашната Влада на Република Македонија, против тогашното владеачко мнозинство. За да веднаш на 6 јули бидат заборавени. И сега уште повеќе им се импутира дека биле членови на опозицијата, уште повеќе им се импутира дека 50 дена седеле пред Собранието, а впрочем ги имале решено сите егзистенцијални проблеми, им се импутира дека сакаат да прават политички притисок, а не решавање на нивното прашање. Срамота. Срамота и за парламентарците од позицијата кои не најдоа доблест да ги посетат луѓето, да се запознаат со нивните проблеми и со нивните барања, срамота за Владата која не наоѓа време да поразговара и да образложи јасно и гласно за што се работи и уште поголем срам за медиумите во Република Македонија, за електронските и пишаните медиуми кои и покрај 50 дневното присуство и трагедија на овие луѓе пред Собранието не наоѓаат место ниту еден збор да напишат за нив. Што се случува во Република Македонија? Се случува цензура врз јавното мислење, се случува цензура врз електронските медиуми, се случува цензура врз пишаниот збор. Впрочем и К-15 една од нашите популарни продукции веќе отидоа во оваа категорија на цензурирани медиуми. Имаме искуства од минатото дека секој тоталитарен режим, дека секој диктатор и дека секоја цензура води кон уназадување, води кон застој во процесите во државата, води кон мрак. Веројатно тоа ќе биде судбината и на нашата мала и сиромашна Македонија. Меѓутоа локацијата и лоцирањето на вината се знае каде треба да ја бараме.

Јас би сакала на крај да заклучам дека веројатно со продуцирањето на секојдневно нови невработени, нашата Влада смета дека ќе има многу поголем број на работници со нерешен статус, односно на невработени, бидејќи секојдневно се отпуштаат и остануваат на улица луѓе од здравството, со новите закони оставаме на улица луѓе вработени во кладилниците, од зелените пазари, трговците и накупците, таксистите, автошколите итн. Продуцирањето на новата невработеност значи веројатно таа ќе е логиката, друго не можам да заклучам дека решавањето на статусот на овие 5 до 6 илјади луѓе ќе ги доведеме нив во нерамноправна положба во однос на новите секојдневно невработени.

Не би сакала повторно да се навраќам на споредбите на петте милиони евра потребни од Буџетот за едногодишно финансирање на стечајците, на одделување на средства за месечен надомест на стечајците визави 20 милиони евра кои нашата Влада ги даде поклон на МЕПСО, или други големи средства дадени за изградба на домови, споменици и да не потсетувам уште за што не се издвојуваа овде средства. Можеби почитуван господин министер цените дека средствата од игрите на среќа се многу малку за стечајците, можеби мислите дека би требало да се најде друг начин на финансирање на овие луѓе. Меѓутоа, ако мислите такво нешто, чесно е и би било добро да кажете. Доколку пак нашата Влада смета дека се е залудно, дека нема да се издвојат средства за стечајците, кажете го и тоа јасно и гласно, да знаат и да ги запознаеме луѓето што ги очекува и каква им е судбината понатаму.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Како еден од предлагачите на амандманот ќе се обидам и јас во кратки црти да го разубедам парламентарното мнозинство да се определи сепак да го прифати овој амандман. Имено, како тргна денеска денот, се израдував дека овој амандман ќе биде прифатен, бидејќи и пратенички од ВМРО-ДПМНЕ го поддржааа овој амандман. На седумте потписи од пратеничката

група на СДСМ се приклучија, што ме изненади пријатно и пратенички од ВМРО-ДПМНЕ. А имајќи го во предвид фактот дека господинот Тито Петковски штом ќе се сретне со стечајците им ветува: минатиот пат не гласав, ама сега ќе гласам, или ќе го исполнам ветувањето од 30 јуни 2006 година, дека ќе обезбеди осум илјади денари за работниците што имаат над 25 години работен стаж кои се со нерегулиран статус, имајќи ги во предвид заложбите и на Лилјана Поповска која исто така се приклучи кон овој амандман, очекував овој амандман да помине. И без разлика што министерот не знае колку средства ќе се соберат, мислев дека е многу поприродно и многу пореално да се обидеме да решиме едно од клучните прашања, наместо да градиме спортски сали да ги дадеме парите за надминување на дел, не е целосно решавање на проблемите со стечајните работници. За жал, испадна дека амандманите за поддршка на дел од пратеничките од ВМРО-ДПМНЕ биле печатна грешка, односно дека тие по грешка се приклучиле кон амандманот. И замислете каков е тоа ерес, се приклучиле на амандман што го предложиле пратеници од пратеничката група на СДСМ за решавање на еден од најгорливите проблеми во овој момент што и стои како товар на Владата. Се надевам дека оваа печатна грешка нема да оди на товар на стручните служби во Собранието, туку ќе соберат доблест да си ја признаат грешката дека е во нив, а не да ја бараат вината во професионалните вработени во стручните служби на Собранието на Република Македонија. Причина зошто имаме ваков наплив на писма со приклучување на амандмани за поддршка кон амандмани веројатно лежи во добрите намери на асоцијацијата “МОСТ” која ја мониторира работата на Собранието и бидејќи таму се наведува колку амандмани сте дале. Сега имаме една масовна хистерија од приклучување со поддршки за различни амандмани. Јас не знам дали асоцијацијата “МОСТ” ќе воведе и графа, печатна грешка, или кој, колку поддржал грешни амандмани. Но, ќе треба да се размисли дали воопшто да стои дека било кое приклучување на амандман значи навистина реална поддршка, а да се бројат само оние што вистински се потрудиле да го напишат амандманот и кои што го бранат. На тој начин ќе нема вакви грешки случајни, или намерни, или пак нема Фројдовски нешто што не мачи кое навистина го гледаме секој ден карши Собранието некој да го поддржи, што е сосема човечки, некој амандман, каков што е и овој нашиов што го предлагаме, а да потоа каже дека е тоа печатна грешка. Дали било лапсус, или Фројдовски почна да се однесува целото ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи видовме вчера и премиерот Груевски на телевизија најави избори следната година.

Овој амандман е поднесен со цел не да се удри во Буџетот, туку средствата кои се собираат од посебната давачка во рамки на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, 50% да се одвојуваат во посебен фонд за решавањето на статусот на невработените лица со над 25 години работен стаж. И ние неколку пати нагласивме дека го даваме овој амандман со чиста совест, бидејќи во минатиот состав пратеничката група на СДСМ гласаше за закон кој што се обидува да го реши овој проблем на граѓаните, голем дел од граѓаните во Република Македонија. Реков, со чиста совест и не бегавме од нив, не го правиме тоа како што го прават другите и затоа во саботата го споделивме правото за говор со дел од стечајните работници кои што кажаа дека сите стечајни работници во Република Македонија на 5 јули гласале за ВМРО-ДПМНЕ. И цитираа пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои што велат: дајте ни го вие вашиот прст, ние ќе ви ги дадеме двете раце. Многу пратеници ги цитираа, многу поддршка, повторуваа ја давале на 5 јули за ВМРО-ДПМНЕ. За жал, еве веќе осми месец, или педесетина дена како што се тие во шатори карши Собранието не се изнајдува сила, или начин, макар било тоа и активна мерка да се реши овој проблем. И често се доведува, или често како аргумент се користи Буџетот на Република Македонија. И затоа пратеничката група на СДСМ оцени дека овие средства кои се од посебна давачка кои доаѓаат од игрите на среќа попаметно е да влезат во еден фонд за решавање на статусот на невработени лица, отколку 2, 3 градежни компании кои ќе изградат фантомски сали во 2008 година и направат огромен профит. И повторно Република Македонија да биде покриена, или преплавена со недоизградени сали, со недоизградени прозори, без паркет, без струја, повеќето од нив само карабина. Стечајните работници ќе бидат товар за оваа Влада, затоа што по сите кажувања тие и ветија дека овој проблем ќе биде решен. И на 5 јули тие ја дадоа поддршката за Владата на ВМРО-ДПМНЕ. За жал, ни кога се влегува, или кога се наоѓаат средства од други извори, не од Буџетот на Република Македонија сега повторно не наоѓаат на разбирање од страна на парламентарното мнозинство, а тие се третираат како печатна грешка. Владата средствата што ги има како вишок очигледно ги користи за други приоритети. Ние мислиме дека е попаметно, мислевме дека ќе биде попаметно и сеуште мислиме дека 2,5 милиони евра што се зедоа од Јавното претпријатие за аеродромски услуги да бидат наменети за оваа намена за решавање, за почеток на решавање на проблемот со стечајните работници, да бидат дел од некој фонд можеби и за активните мерки што би ги предложила Владата, а не да се употребат за црвенеење на Македонската радио телевизија и за плаќање на партиската уредувачка политика. Многу средства во овој период отидоа апсолутно непотребно, а можеа да отидат како што вели овој амандман во фонд за решавање на статусот на невработените лица со над 25 години работен стаж. Колку и да изгледа малку и тие милион и триста илјади евра што отидоа во странските часописи само во месец

јануари за рекламирање “Да инвестираме во Македонија”. Мислам дека попаметно, покорисно, повеќе поени ќе собереше Владата со оглед на тоа како работи и која и е целта доколку се употребеа како почетен капитал во овој фонд за решавање на статусот на невработените лица со над 25 години работен стаж. И ние сме свесни дека овие 50% што би се издвоиле за нив, а не за спортски објекти кои што и сега во овој момент немаме одговор каков тип ќе бидат, која е програмата, кои се идеите да се направат, каков тип на спортски објекти многу покорисно ќе беше за овие луѓе што се педесетина дена надвор од своите домови да биде решен.

Затоа, ќе ја користиме секоја прилика да заложбата што сме ја имале и порано, да најдеме разбирање да се реши. Ветувањата што ги давале и ВМРО-ДПМНЕ и НСДП и ДОМ да се преточат овде во гласање, реално, а не да ги залажуваме луѓето што се карши Собранието и да мислиме дека некој друг тоа ќе им го реши или некако надокнади.

Ова беше идеална шанса, кога не станува збор за буџет, што е врз база на програма, контролиран со меународните финансиски институции, да најдеме начин како тие средства да влезат во еден посебен фонд за решавање на статусот на невработените лица со над 25 години работен стаж. Се надевам дека ќе убедиме, дека убедивме уште некој пратеник од парламентарното мнозинство, кои јавно ја давале таа поддршка и овој амандман ќе добие поддршка од пратениците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со оглед дека претходниот пат, кога говорев, имаше многу мал број од пратениците од парламентарното мнозинство, особено од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, сега ги гледам дека се сите во салата и, како што кажав, веќе министерот ја заврши својата работа, сега тие се на потег. Тие одлучуваат дали ќе им помогнат на луѓето кои со месеци се пред Собранието на Република Македонија или повторно ќе се оглушат.

Токму заради тоа сакам да ги повикам, да дадат поддршка на овој амандман. Бидејќи не беа присутни колегите пратеници, кои доаѓаат од Прилеп, особено оние двајца кои беа членови на Советот, повторно сакам да го прочитам писмото, а се надевам дека ќе се почитуваат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ меѓу себе и ќе им дадат поддршка на двајцата колеги од нивната партија.

Всушност, “заклучок од состанокот на Советот на општина Прилеп:

1.Советот на општина Прилеп го поддржува барањето од Здружението на работници со над 25 години работен стаж, со нерегулиран статус, огранок Прилеп, во насока на остварување на нивните барања.

Заклучоците да се достават до градоначалникот на општина Прилеп, Владата на Република Македонија, министерот за труд и социјална политика и архивата во општина Прилеп”.

Почитувани колеги пратеници од ДПМНЕ,

Ова е изгласано кога вие бевте мнозинство и сеуште сте мнозинство во Советот. Потпишан е еден од пратениците, кој тогаш заседавал со Советот на општина Прилеп. Мислам дека ќе имате барем малку меѓусебно почит и ќе останете доследни на она што тогаш сте им го ветувале на стечајните работници, односно да не бидам укорен од министерот, на невработените со над 25 години стаж.

Ве повикувам да го поддржите амандманот, затоа што тој претставува само почеток за решавање на нивниот проблем. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова Каревска.

Реплика за господинот Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Госпоѓо Топуовска,

Би сакал да гласам и јас за овој амандман што го предлагате и добро беше што ги повикавте пратениците од мнозинството да гласаат за овој амандман.

Меѓутоа, кога ве бројам вас од опозицијата, не гледам дека премногу гласови ќе добиеме ако се гласа, ако гласаме за овој амандман. Затоа, ако предлагате нешто, ако барате од пратениците од позицијата да ве поддржат, би требало барем и вие, во вашата пратеничка група, па и другите од опозицијата да бидете присутни, за да може да се добие некој резултат што ќе биде одраз на она што се дискутира овде.

Инаку, само уште една реченица, гледам дека и други се јавуваат за дискусии без идеја да се продолжи оваа расправа, мислам дека проблемот со стечајците треба да се решава на друг системски начин, преку поднесување на предлог за измена на Законот во врска со вработувањето, а не на овој начин преку некаков фонд.

И уште една реченица, денеска премногу зборувавте за последиците, а малку за причините зошто стечајците останаа без никаков надомест. Затоа, кога ќе се подготвувате и кога ќе ги браните стечајците, помислете и на тоа како дојде до тоа тие да останат во ваква една ситуација. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Зашов.

Контра реплика од една минута за госпоѓа Топузова Каревска Роза. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван господине Зашов,

Кога зборувавте за минатото, не знам дали сакате да се амнестирате вие. Всушност, заборавате од каде доаѓате или каде е вашата генеза. Ако говорите за генезата на проблемот, погледнете ја

и вашата генеза. И вие сте тие кои им ветувавте на стечајните работници дека ќе ги поддржите. Токму поради тоа ве повикувам да гласате.

А, парламентарното мнозинство, затоа се вика мнозинство, затоа што има мнозинство во овој Парламент. До колку поголем дел од нив се одлучат да ги поддржат вработените со над 25 години стаж, ќе бидат сосема доволни за овој амандман да помине. Благодарам.

**Бесим Догани** Ви благодарам.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи сеуште гледам дека има некоја дилема кај некои пратеници од парламентарното мнозинство и се колебаат дали да гласаат или не, ќе се обидам со додатна аргументација да ги убедам дека, можеби овој амандман, каде што 50% бараме да се издвојуваат средства од посебната давачка, да се издвојуваат во посебен фонд за решавање на статусот на невработени лица со над 25 години работен стаж, и како дополнителна аргументација ќе го цитирам писмото на господинот Тито Петковски, претседател на НСДП од 30.06.20006 година, како што ќе се каже во предвечерјето на парламентарните избори.

До Здружението на работници со над 25 години работен стаж и нерегулиран статус, до господинот Стојанов, од господинот Петковски пишува, цитирам:

“Ве известуваме дека проблемот може да биде решен единствено со донесување на закон за сите работници кои имаат над 25 години работен стаж, а не работат, бидејќи се стечајни работници или поради други причини. Во законот инсистираме сите да добијат пензиски надомест. Велиме надомест, бидејќи поголем дел од нив предвидуваме повторно вработување до остварување право до вистинска пензија, во висина што ќе ја утврдиме низ разговори, но не помала од 65% од најниската плата што ја предвидуваме со нашата Програма во износ од 8000 денари.

НСДП ќе се залага и ќе ги реализира проектите за почитување на трудот, како и социјалната праведност за сите граѓани во Република Македонија”.

Ако ви се потребни поопширни образложенија, подготвени сме да разговараме. И, веројатно, ова писмо испратено до господинот Стојанов било една од причините за која што и стечајните работници со над 25 години работен стаж се одлучиле да гласаат за ВМРО-ДПМНЕ или НДСП. Затоа некој може од НСДП да си удоми дел од фамилијата во државните институции. Затоа што ги злоупотребил гласовите или довербата на оние што им ја дале на 5 јули, незборувајќи сега за нив, бегајќи од нив или несакајќи да донесат закно за нив.

Затоа, СДСМ, бидејќи има чиста и отворена дебата со нив не бега од дијалогот со нив, затоа гласаше пратеничката група на СДСМ и минатиот пат да се реши овој случај. Затоа ја користам оваа можност со амандманот, што не задира во Буџетот, туку од посебниот фонд што ќе се добие од средствата од посебна давачка од игрите на среќа, од приредувачите на општите игри на среќа да се издвојуваат во посебен фонд за решавање на статусот на невработени лица со над 25 години работен стаж.

Не СДСМ, туку НСДП и ВМРО-ДПМНЕ им веleле дајте ни го само прстот, ние ќе ви дадеме две раце. Јавно беше кажано во саботата од страна на стечајните работници, критикувајќи го и СДСМ, ние не бегаме од тоа, дека сите гласале на 5 јули затоа што некој им го ветил тоа со писмо. Да не се правиме сега недоветни па да ги броиме кој колку се присутни во салата. Секој има обврска да гласа според она што ветил на 5 јули, да се однесува така и да ги брани интересите на оние кои го избрале.

Јас можам и да ја отворам дилемата дека господинот Зашов не може да се определи како ќе гласа, бидејќи неговиот претседател не е тука. но еве користам дополнителна аргументација, писмо што го напишал господинот Петковски на 30 јуни во предвечерјето на изборите.

Затоа, да не ги броиме тука пратениците или да кажуваме дека приклучувањето за поддршка кон амандманот била печатна грешка. 50 дена има луѓе кои седат во шатори, живеат, со коли им упадналe по грешка, наводно и никој не се решава да разговара за тоа.

Ние не велиме дека со ова ќе се реши проблемот. Но, ќе се тргне во решавање на еден горлив проблем што егзистира во Република Македонија. Ние не можеме да бидеме слепи и да ги затвориме очите дека тоа не се случува околу нас. Или, да мислиме дека тоа не им го ветил ним.

Имате обврска ветувањата да ги исполнувате. Не барајте дополнителни аргументи во присуство и неприсуство овде, во собраниската сала. Секој си е одговорен според ветувањата што ги давал, да гласа и со оглед на својата сопствена совест.

Затоа, уште еднаш да апелирам, нема да се уништи Република Македонија затоа што наместо 20 ќе бидат направени 10 спортски сали. Многу покорисно ќе биде тие средства, не се ни сали, не се знае ни дали се сали, тоа е работата. Јас цело време, кои се тој тип на спортски објекти? Игралишта, рингови, за борење? Да има програма па да знаеме да дискутираме. Нема да има овеќе корист отколку да се уплатат во посебен фонд, да тргне овој процес да се решава. Затоа што е реална, непријатна слика, кој како ја сфаќа, кога доаѓаме секој ден овде во Собранието. Затоа, уште еднаш апелирам, оние кои се колебаат, ќе направат вистински потез доколку се гласа овој амандман, со што 50% од посебната давачка би се издвоила во посебен фонд за

решавање на статусот на невработените лица со 25 години работен стаж. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави господинот Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Ова е можност уште еднаш да се каже дека по повеќе пати дискутирање и јавување одново само се продолжува дебатата, а не се постигнува целта.

Еднаш се кажа и многу од опозицијата говореа во прилог на тоа да се реши прашањето со стечајците. И не во нашата партија се обидуваме да најдеме решение што ќе го предложиме и ќе поддржиме она што е во рамките на Уставот, во рамките на можноста на оваа Влада да ги покрие трошоците што ќе се предизвикаат со едно решение во врска со надоместоците на стечајците. Тие се колатерална штета на една приватизација. Државата треба да се погрижи за нив.

Ние, како членови на НСДП остануваме на она писмо што е упатено до стечајците. Прашањето го бараме и сега, но мислам дека односно се прашувам дали е среќно решение на стечајците да им се решава проблемот со пари преку игрите на среќа. Или, можеби Лотарија на Македонија е во прашање, па затоа се поставува како предлог да се реши од овој фонд? Мислам дека тоа прашање треба да се реши преку законско решение и на тоа остануваме.

Се друго што се користи за да се инпутира од страна на господинот пратеник Макрадули, мислам дека не е место во оваа сала. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Зашов.

Контра реплика од една минута господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас не знам дали стечајните работници ќе имаат утеха од тоа што вие останувате на писмото. Тие ќе имаат корист од тоа ваше останувањ ако гласате и за овој амандман, а и да си проверите во пратеничката група дали сите гласавте за Законот што беше предложен од една друга група, од пратеничката група на ВМРО-Народна партија. Само на тој начин ќе може да останете на писмото.

Инаку, со вакви реторики ниту во Владата ќе останете, а камо ли на писмото. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

За збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Ќе го гласам амандманот заради доследност на ставот, затоа што за решавање на статусот на стечајците сум се залагала и предминатата Влада, а истото тоа го правам и сега.

Се разбира, свесна сум дека овој амандман, предлагачите, однапред пресметано, најверојатно го предлагаат, знаејќи дека се мали шансите тој да помине. Си има сето тоа своја маркетиншка цена. Меѓутоа, едноставно морам да го изразам својот став и да кажам дека ќе го поддржам. Не сум уверена дека ќе биде изгласан сега, меѓутоа за да потсетам дека ова е прашање што треба да се реши, да се најде соодветно и реално решение.

Јас посебно инсистирам на тоа да се најде реално и коректно решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповка.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Бидејќи за амандманот гласале само 57 пратеници, би ги повикал службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Бидејќи во моментот на гласање имаше само 59 пратеници, глсањето е неважечко.

Амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници за амандманот глсале 56, за гласале 13, воздржани 4, против 39.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Амандманот е повлечен од господинот Марјанчо Николов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласаа 63 пратеника.

61 гласаа за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**Минуваме на точката 20. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на право на пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани господа пратеници,

Матичната евиденција во системот на пензиското и инвалидското осигурување е воведена со цел да се обезбедат потребните податоци за осигурениците кои ќе се користат за остварување на правото од пензиското и инвалидското осигурување.

Областа на матичната евиденција на осигу-рениците и корисниците на правата на пензиско и инвалидско осигурување е уредена на единствен начин со Законот за матична евиденција на - осигурениците и корисниците на правото на пен-зиско и инвалидско осигурување.

Со предложените измени и дополнувања, создадени се услови, наместо пропишаните обрасци, во постапкаа на утврдувањето на податоците за стажот на осигурување, платите, надоместоците на плата, односно основиците на осигурување, да се користат месечните податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за пресметан и уплатен придонес.

Поради тоа, со предложените измени се менуваат роковите со кои престанува примената на пропишаните обрасци и на пријави за доставување на податоци за стажот на осигурување, платите, надоместоците на плата, односно основиците на осигурување.

Тоа значи, престанок на примената на пропишаните обрасци на пријави за доставување на податоци за стажот на осигурување, платите, надоместоците на плата, односно основицата на осигурување, што се поврзува со создавањето на технички и информатички решенија за преземање по електронски пат на месечните податоци на Фондот за пресметан и уплатен придонес. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на право од пензиското и инвалидското осигурување.

Пред да ве повикам да гласаме би ги замолил службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата има 62 пратеника, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласаа 59, за гласаа 58 пратеника, еден пратеник гласаше воздржано, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 56 пратеника, сите 56 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа ссседница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, за Предлогот на законот гласаа 56 пратеници. Сите 56 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правото за пензиско и инвалидско осигурување.

**Минуваме на точката 21.- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор предлагачот господин Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе,

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државни награди, поднесен од моја страна се однесува на два елементи кој би сакал да ги истакнам.

Првиот елемент се однесува на стапувањето во сила на законот за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер и со именувањето на составот на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до инфорамции од јавен карактер, престана со работа Агенцијата за информации, која што беше надлежна во однос на услуга која што требаше да се пружи на Одборот за доделување на наградата Мито Хаџивасилев Јасмин.

Со законот за државни награди се утврдени одбори за доделување на државните награди, начинот на изборот на составот на одборите,

нивниот мандат, како и органите кои ги вршат стручните, финансиските и административните работи во врска со доделување на наградата. Така во членот 19 на Постојниот закон став 3, алинеја 3, е утврдено дека наградата Мито Хаџивасилев Јасмин која се доделува за остварување од интерес на државата во областа на публицистиката и новинарството, стручните, финансиските и административните работи да ги врши Агенцијата за инфорамции. Со оглед дека е укинет тој орган, настана една празнина и затоа се прави оваа измена во однос на органот кој што ќе пружа услуги за остварување на одредени работи кои што треба да ги врши Одборот за доделување на наградата Мито Хаџивасилев Јасмин.

Со предлогот за измена и дополнување на Законот за државни награди се предвидува Министерството за култура да ги врши стручните, финансиските и административните работи, покрај за другите награди и за доделување на наградата Мито Хаџивасилев Јасмин. Тоа е едниот елемент во однос на измените и дополнувањата на Законот за државни награди.

Вториот елемент се однесува на следново: Законот за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, за државен празник е утврден 23 октомври ден на македонската револуционерна борба.

Имајќи го предвид историското значење на овој датум за Република Македонија, предлагам во Законот за државните награди да се воведе нова државна награда, тоа е 23 Октомври ден на Македонската револуционерна борба, со која ќе се оддава највисоко општествено признание за особено значајни остварувања од областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоцијата на државните приоритетни вредности и културно историското наследство на Република Македонија.

23 Октовмри 1893 година е ден кога е основана Македонската револуционерна организација, односно Македонскиот револуционерен комитет и претставува почеток на организираното македонско револуционерно движење за ослободувањето на Македонија и за создавање на самостојна и независна македонска држава.

Со оглед на значењето на овој ден, еден од најголемите настани во историјата на Македонија, ден на Македонската револуционерна борба кога започна да се остварува соноти вековниот копнеж на македонскиот народ за своја слобода и државност, се налага потреба, покрај другите државни награди да се воведе нова државна награда, а тоа е 23 октомври.

Предлогот на закон за изменување и дополнување на закон за државни награди, се однесуваше на овие два елементи и со оглед на моето излагање и образложението кое што е доставено со самиот закон и амандманот кон законот, барам поддршка од вас како пратеници кои што мислам дека ќе ги има во обзир овие мои укажувања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Вељаноски.

Господине Витановски вие се јавивте за збор?

Госпоѓо Бендевска, за збор или за реплика? За збор.

Тогаш има збор господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Излегов тука за да бидам до Трајко поблиску, а и водава овде е бесплатна. Охриѓани се научени кајче да веслаат бесплатно, а камо ли вода.

Ќе ми дозволите да се обратам во три својства, во смислата на некако свето тројство, најнапред како социјалдемократ, потоа како новинар, и трето како човек кој што својот мандат го избори во Кавадарци.

Ќе зборувам само за законот и ќе дадам поддршка за законот, во овој момент само толку, кога ќе дојде амандманот ќе разговараме за амандманот.

Почитуван Вељаноски, навистина ја поддржувам вашата иницијатива и не ви се лутам што на некој начин влегувате во еснафот, во мојот еснаф, ќе ми дозволите само една мала исправка да дадам, инаку она што вие сте го потпишале, подготвен сум, своерачно комплетно да го потпишам, зборувам за законот.

Вие сте во право дека тука се пополнува едно правно, јас ќе кажам правно административна празнина, и што е особено значајно се пополнува, односно се обезбедува континуитетот во доделувањето на наградата Мито Хаџивасилев Јасмин, една од најстарите и најреномираните во нашата земја.

Ќе ми дозволите иако не е тоа моја работа, да кажам дека вашата иницијатива ја гледам и како нов квалитет во политичкото делување на вашата партија, дозволете да кажам во политичкото зреење на столбот на оваа коалиција ВМРО ДПМНЕ. Имено, овој столб беше тој или таа, што ја обезинеди наградата Мито Хаџивасилев Јасмин но сега верувам и како резултат на тоа политичко зреење, но и како резултат на едно ново сфаќање декомунизацијата да не се гледа онака како што досега се гледаше. Се останува на една награда, се останува на едно име, и во таа смисла тоа го поздравувам навистина како еден нов квалитетен политички исчекор.

Секако сакам да оддадам признание и на претходното владеачко мнозинство што во почетокот на 2003 година, го усвои Законот за враќање на името на наградата Мито Хаџивасилев Јасмин, Законот што ја имав среќата да го пишувам токму јас и задоволството.

Имено, оваа награда од тие причини ја доживувам и како чин на чествување на ликот и делото на Мито Хаџивасилев Јасмин. Бидејќи спомнав дека овдека ќе зборувам и како условно да кажам натурализиран кавадарчанец, сакам да ве

потсетам сосема кратко на Мито Хаџивасилев Јасмин кој е роден во 1922 година, на минатиот век сега, кој е родоначалник на вистинската борбата против фашизмот во тој град, политички раководител на партизанскиот обред, но што е сега битно за мене во еден период од 1946 година до 1949 година, Јасмин беше главен и одговорен уредник на весникот “Нова Македонија”. Уште тогаш беше прогласен за прво перо на македонското новинарство, Јасмин основа многу весници, часописи, списсанија во Република Македонија, се изгради како политички мислител, во сферата на историјата, политиката, економијата, социјалата итн.

Тука особено сакам да потенцирам зошто станав да дадам подршка на овој начин, Јасмин умре млад на 45 години и тогаш во функција на претседател на Собранието на Република Македонија, што во тој момент беше највисока функција во Република Македонија. Еве зошто наградата е чин на признателност кон еден човек, но исто така и кон македонскиот журнализам, публицистика и една чесна и одговорна професија.

Кажав дека во основа образложението ви е добро, го подржувам, Законот за републички награди е донесен 1987 година, 1999 година кажав дека беше обезимен со измените и дополнувањата на Законот од 1997 година, но во образложението сакам да допрецизирам колега Вељаноски дека укинувањето на Агенцијата беше последица на едно преземање во СДСМ, на кое што јас бев сведок, а не беше Комисијата за пристап до информации никаква причина за да се укине Агенцијата. Комисијата за пристап до официјални документи само беше искористена на мала врата да се укине Агенцијата, бидејки немаше мнозинство да се укине, да се смени Законот за органите на државната управа на тој начин како што тогаш сакаше СДСМ.

И на овој пример ние гледаме како некои надлежности во нашата држава висат. Значи не само оваа надлежност и оваа функција висат, ќе висат многу функции поради непринципиелното и штетно укинување на Агенцијата за информации, дури до Советот на Европа каде што Агенцијата имаше свои претставници, свој тим и т.н. и исполнуваше одредени обврски од аспект на Република Македонија.

Во овој дел, бидејки сега ситуацијата е таква каква што е, сакам да го подржам и вашиот Предлог, Министерството за култура да биде тој државен орган што сега ќе ја преземе улогата и од аспект на админситрација, организација на наградата, распишување, финансиска поткрепа и т.н., до врачување, што беше обврска и ја спроведуваше Агенцијата за инфорамции. Таков пример има во соседството. Еве, колку за илустрација, во Република Србија во рамките на Министерството за култура имаа департман, односно еден од замениците на министерот ја покрива сферата на јавното информирање и вие сте тука сосема во право.

Сега ќе завршам, така е тоа кога институции на државата се градат по принципот како тоа “малиот Мацко” ја замишља државата, односно како другарот Бучко сака да му учини на неговите детски балавштини.

Да не ве навраќам на тие прашања, јас и мојата пратеничка група ќе гoподржиме законот, оддаваме признание за иницијативата на господинот Вељаноски, воедно и нашите честитки за иницијаторот, а во однос на второто прашање за кое Трајко излагаше, барем јас ќе имам малку поинакво мислење. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Митаноски.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги,

Предлогот доставен од колегата Вељаноски до нас за мене беше сосема очекуван потег. Дури, да бидам ве молам сериозно сватена, го очекував и многу порано, но проценка претпоставувам на партиското раководство на ВМРО-ДПМНЕ беше дека треба малку да слегнат работите после големата контраверза која се случи со донесување на новиот Закон за државни празници. Ќе се обидам накратко да ја вратам историјата чекор наназад.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ на господинот Груевски, на 6-та седница, донесе како приоритетен закон Закон за државни празници. Значи на 5 јули минатата година, иако граѓаните ја довериja, ја дадоа својата доверба на ВМРО-ДПМНЕ, очекувајќи и претпоставувајќи економски бум бидејки токму она беше што го ветуваше младиот потенционален, амбициозен премиер Груевски. На 6-та седница Владата заклучи дека нема ништо приоритетно, туку откако ги доби последните парламентарни избори да си донесе и свој сопствен партиски државен празник, празник кој ќе се празнува од џебовите на македонските граѓани на државна сметка. И тогаш многу говоревме дека нешто не е во ред со предлогот 23 Октомври да биде прогласен за ден на Македонската револуционерна борба, од една многу јасна и децидна причина. Причина која ја образлагаа и почитуваните академици и членови на Македонската академија за наука и уметност, исто како и господинот Чепрегранов, директор на Македонскиот институт за национална историја, кој смета дека 23 Октомври е денот кога во 1893 година е формирана Внатрешната македонска револуционерна организација. Навистина ден за чествување. Ние пратениците од СДСМ апсолутно се согласувавме дека заслужуваме да добиеме празник кој ќе биде наречен ден на Внатрешната македонска револуционерна организација, но не и ден на Македонската револуционерна борба. Зошто? Заради тоа што е класичен обид да се фалсификува автентичната

макеоднска историја. До колку на ВМРО-ДПМНЕ му требаше да го одбележи денот за почеток на Македонската револуционерна борба, ќе потсетам, тоа се случи две децении порано, на 20 мај 1876 година е подигнато Првото Креснеснско востание. Навистина светол ден. Тогаш македонскиот народ заедно со сите свои припадници, од сите малцински етнички групи го започна својот револуционерен од. Меѓутоа, се случи што се случи. ВМРО во својата агенда имаше итна потреба како што реков од партиски празник и го добивме во новиот Закон за државни празници.

Многу често јас и моите колеги прашувавме, па ни се случи секој македонски граѓанин да го добие чуveниот Инсертер, каде што се прокламираше дека 23 Октомври треба да биде ден на Македонската револуционерна борба. Тој Инсертер беше потпишан, се надевам и платен од сметката на партијата ВМРО-ДПМНЕ. А кога ВМРО-ДПМНЕ на сопствена сметка вклучува Инсертер каде што врши-дозволете да бидам груба-реалан историски фалсификат, каде што го протежира 23 Октомври наместо ден на формирање на Внатрешната македонска револуционерна организација за ден на почеток на Македонската револуционерна борба. Им одземата две децении на навистина чесните македонски борци кои паднале, кои ја положиле својата крв за почеток на Македонската револуционерна борба. Немавте сила да се спротивставите на нашите аргументи. Тоа не се наши аргументи, тоа се аргументи запишани во македонската историја.

Но откако ви успеа да го протуркате, бидејќи го имате потребното мнозинство во овој законодавен дом, вам сега ви треба и нешто друго. Очигледно, пратеникот Вељаноски беше задолжен пред ова Собрание да поднесе иницијатива, бидејки на ВМРО-ДПМНЕ под итно му треба овој пат партиска државна награда и таа ќе се вика 23 Октомври - ден на Македонската револуционерна борба. Што е многу, многу е, почитувани колеги од владеачкото мнозинство припадници на ВМРО-ДПМНЕ.

Во предлогот доставен од пратеникот Вељаноски го предлага членот 4-а, кој гласи: “Со наградата 23 Октомври се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности и културно историско наследство на Република Македонија”. Да потсетам, во Законот за државните награди стои дека за исти вакви општествени вреднувања се добиваат, Република Македонија доделува награди наречени “11 Октомври”, “Св. Климент Охридски”, “Гоце Делчев”, “Мито Хаџи Василев-Јасмин” и “Мајка Тереза”. Се надевам дека предлагачот ќе успее да ни објасни зошто во овој момент, или кој ќе ја добива наградата 23 Октомври, кој ќе ги цени и вреднува постигањата, особено од заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети. Сериозно сум убедена дека зад овие награди претпоставувам дека основен услов ќе биде партиска книшка од ВМРО-ДПМНЕ и особени значајни постигања на пример, од обласра на културата претпоставувам дека ќе ја добие сега веќе екс министерот за култура Илиријан Беќери, бидејќи успеа за многу кратко време да ја воведе и наметне цензурата како начин на делување во областа на културата забранувајќи една навистина сериозна претстава, или пак усепа да партизира апсолутно на секое ниво националните установи од културата во Република Македонија, на секое ниво. Исто така, успеа да го протера светски познатиот првенец на балетот на Македоднскиот балет и опера, господинот Чичијаш Вили. За такви ли достигања господине Вељаноски на ВМРО-ДПМНЕ му треба оваа награда? Или претпоставувам во образованието дека ќе го предложите господинот Сулејман Рушити. Тој е прв министер кој успеа да преживее една интерпелација, во чие време се случуваат навистина небулозни упади во автономијата на универзитетите во Република Македонија, прво на Тетовскиот, кога против сите уставни рамки и норми беше сменет Ректорот...

**Бесим Догани:** Госпоѓо Бендевска, морам да ве опоменам да говорите за законот, повелете.

(Реакција од пратеникот Макрадули со зборовите “За законот говори”).

Не, господине Макрадули, не зборува за законот. Повелете.

**Весна Бендевска:** Господине Догани, се сомневам во намерата на предлагачот и дозволете не само со вас, и со македонската јавност да ги споделам моите сомнежи. Се случува нешто многу сериозно. Претпоставувам дека Македонија е единствена земја со статус на кандидат, која има обезбедено, владеачката партија во овој момент има обезбедено свој сопствен државен партиски празник, сега и треба сопствена државна партиска награда и тоа е многу сериозно. Тоа апсолутно не придонесува во јакнење на демократскиот капацитет на Македонија како општество. Тоа не одалечува од нашиот врвен приоритет, евроатланските интеграции. Јас морам најсериозно, најодговорно да се однесувам спрема ваквите предлози кои се почесто ни ги нудат претставниците на ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент. Не сакам да замислам дека наместо да гласаме и да дебатираме за европски закони или за закони кои ќе ја уредат економската сфера, ние говориме или за Закон за државни партиски празници или за Закон за државни партиски награди.

Почитувани колеги, навистина од вас барам сериозно одговорност согласно вашите уставно загарантирани компетенции. Вие сте претставници на граѓаните на Република Македонија.

Барам од вас, иако сте со партиска припадност, но сите ние сме дошле како кандидати од определен аполитичка опција. Ова е премногу. После Законот за државни празници, премногу е 23 Октомври да го протуркате како државна награда, Ден на Македонската револуционерна борба. Значи и тогаш говорев, до колку сакате да го славиме великиот празник, денот кога е формирана Внатрешната македонска револуционерна организација, дајте да го славиме 23 Октомври сите заедно, но како ден на Внатрешната македонска револуционерна организација. До колку сакате да протежирате ден или пак државна награда со тоа име, предложете го датумот 20 мај 1876 година, кога за прв пат македонскиот народ застана под знамето "Смрт или слобода", кога за прв пат етнички се кодиравме дека навистина ќе настапуваме револуционерно во борба за својата слобода и својот државен интегритет. Тоа е тоа, тука е сомнежот и ова е многу реална претпоставка. Да ни нуди господинот Вељаноски прифаќање на 23 Октомври како државн анаграда во чест на празнувањето на денот на Македонската револуционерна борба особено за заслуги во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности и културно историско наследство на Република Македонија", ние веќе такви државни награди имаме. Која е потребата? Зошто дуплираме нешто што веќе постои? И само еден е одговорот, за жал. Ова ќе биде државна награда на партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ.

Господо од ВМРО-ДПМНЕ, вие тоа можете да го правите, но не на државна сметка, не со државни пари. Правете го тоа со средства, претпоставувам собрани од членарината, а не со државните пари.

И особено, она што боде во очи, сите државни награди во законот се предвидени во висина од 5 просечни плати, освен наградата 23 Октомври, каде што предлагачот предлага 10 плати. Што значи тоа? Партиските активисти ќе имаат право на дупло повисока државна партиска награда? Навистина што е многу, многу е.

Барам предлагачот да го повлече својот предлог, бидјеки апсолутно е јасно за што станува збор. Добивте државен партиски празник, ќе добиете претпоставувам, ќе успеете да ја протурката и оваа државна партиск анаграда и не знам што ќе следи, какво чествување ќе си обезбеди ВМРО-ДПМНЕ на државен трошок. Тоа ќе го видиме и ние, а се надевам се повеќе го гледаат и граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Повелете господине трајко Вељаноски, реплика од три минути.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе.

Пратеничката Весна Бендевска изгледа е надлежна за 23 Октомври цело време да го обвинува како датум кој не треба да се празнува. Така беше во расправата по Законот за празниците, така е и сега во расправата по Законот за државни награди.

Не знам зошто имате против да се доделува државна награда на тој датум, исто како што се доделува награда за "11 Октомври", "Св. Климент Охридски", "Гоце Делчев", "Мито Хаџи Василев-Јасмин" и "Мајка Тереза". Не би требало такви, условно да кажам, отровни стрели да се фрлаат на овој датум од некој пратеник, кој во македонскиот народ е светол датум. Сите граѓани го сметаат како светол датум и мислам дека на тој ден барем треба да биде за сите граѓани датум на кој треба да се оддава одредено признание. Без оглед на идеолошката припадност на некои граѓани, на некој парламентарец, не смее она што го чувствуваат сите граѓани да се фрлаат дрва и камежа по него.

А во однос на тоа кој ќе ја доделува, кој ќе одлучува за наградата, убаво е кажано во членот 12, госпоѓо Весна Бендевска. Ако убаво го прочитавте законот, ќе го прочитавте членот 12, во кој се вели дека наградите ги доделуваат одбори за доделување на наградите, а одборите се составени од претседател и 12 членови. Согласно Деловникот на Собранието, одборите и составот на одборите до Собранието го предлага Комисијата за избори и именувања, во која се ставаат личности со својот интегритет во однос на доделеувањето на наградата, како и за наградите што ги прочитав, "11 Октомври", "Св. Климент Охридски", "Гоце Делчев", "Мито Хаџи Василев-Јасмин" и "Мајка Тереза".

Ние сакаме, односно се постигнува со измената на овој закон покрај овие пет награди да се додели уште една награда, тоа е 23 Октомври. И на ист начин како што се доделуваат наградите за овие претходно доделени државни награди, така ќе се доделува и за 23 Октомври каде што соодветни личости ќе се коопитираат во Одборот за доделување на наградата и со оглед на нивните постигања во областа на науката, културата, образованието, заштита на државните интерси и промоција на државните приоритети, вредности и културно историското наследство на Република Македонија. Поединец, или личност која што во група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани можат да ја добијат таа награда.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам,

Веднаш ќе одговорам. Не господине Трајко Вељаноски, ние не сме против државна награда 23 Октомври, ние сме против државна награда 23 Октомври ден на македонска револуционерна борба. Ние сме за 23 Октомври ден на ВМРО. И

немојте да мислите дека имате монопол на тие букви. Немате ниту право, ниту со нешто сте заслужиле, освен што сте ги ставиле при регистрацијата тие 4 свети букви во името на вашата партија. Против сме партизација на државните награди, како што бевме против партизација на државните празници и тоа е сосема јасно. Нема да дозволиме и нема да ви гласаме во корист на 23 Октомври да си доделувате по партиски заслуги државни награди. Тоа нема да го добиете како подршка од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Јас да дадам коментар во однос на предлогот на пратеникот Трајко Вељаноски, предлог измените на Законот за државните награди. Она што можеме сега да го откриеме при овој предлог е дека авторското право за тактиката што ВМРО-ДПМНЕ ја користи осум месеци, веројатно е идеја на нашиот колега Трајко Вељаноски, а таа е тактика кога предлагате Владата до сега кога предлагала закони, после тоа дава амандман што нема врска со првичниот предлог на кој што не може да поднесат амандмани и сега гледаме дека е тој идејниот творец и се надевам дека ќе биде еден од кандидатите да ја понесе наградата 23 Октомври во делот на заштита на државните интереси, бидејќи на овој начин опозицијата помалку може да интервенират амандмански, помалку може да зборува, а тоа е во државен интерес за оваа Влада на Никола Груевски.

Од друга страна како искусен правник очекував дека поубаво ќе го образложи делот на финансиските зафаќања. Имено, во самиот Предлог на закон и пред самиот предлагач вели дека за спроведување на овој закон обезбедени се финансиски средства. Можеби треба да дознаеме некоја ставка, или од каде е сето тоа, или од Министерството за култура ако е тоа. Но, она што ќе го побарам на крај од вас почитуван потпретседателе во меѓувреме можете тоа да го проверите во Деловникот, тоа е член 170 став 5 каде што овој амандман, или законот содржи одредби кои се ангажираат финансиски средства, бидејќи амандманот со кој што интервенира дополнително господинот Трајко Вељаноски изискува нови десет плати, десет просечни плати. И барам од вас согласно Деловникот член 170 да го доставите овој предлог до работното тело во чиј делокруг спаѓаат прашањата на Буџетот, финансиите, за да го проучи влијанието врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го известите Собранието. Додека го разјасните тоа со заменикот генерален секратар, јас да ја подржам, условно кажано, или критиката, или обидот за дознавање на вистината што и колешката Весна Бендевска го направи. За жал, Македонија со овој Предлог на закон ќе влезе во кругот на малкуте земји во светот, а тоа се веројатно Куба, Кореја и Белорусија каде што роденденот на партијата е државен празник и за тоа се добива награда. Значи, да расчистиме една дилема, значи, никој не се буни дека 23 Октомври е ден на ВМРО, доколку не го излепуваат градот со билборди, дека тоа е роденден каде што не знам кој го дал тој монопол дека ВМРО-ДПМНЕ единствено треба да го чествува. Не се буниме доколку се тргне ВМРО префиксот од името на партијата, што мислам дека сега е невозможно. Тој потез е направен во почетокот на 90-те години кога ниту веројатно имало сила, ниту можности во Уставниот суд тогаш тоа да биде направено, или пак Михајло Маневски како тогашен министер за правда имал во себе, чукало срцето на ВМРО и некој мислел дека тогаш без разлика што бил од таа Влада, очигледно имал долгорочна поекција човекот и по 17 години стане и министер во Владата на ВМРО-ДПМНЕ, па не се побунил. Но, затоа се буниме кога сакаат да се испомешаат фактите, а за тоа повторно да биде обвинет некој друг, а во овој случај дежурен виновник е Социјалдемократскиот сојуз.

Господинот Веле Митаноски рече дека е социјалдемократ, што ме радува, но како нов социјалдемократ слабо го проучил Деловникот и дека овој амандман што го дал господинот Трајко Вељаноски е составен дел на Предлог на законот и не може да направи дистинкција меѓу Мито Хаџи Василев-Јасмин и за жал и оваа награда. Тоа е во еден ист дел и затоа Социјалдемократскиот сојуз, пратеничката група, оние вистинските ќе гласаат против овој Предлог закон.

Она што во мој прилог како аргументација сакам да го кажам зошто се измешани работите? Тоа што по историските книги во Република Македонија, револуционерната борба се поврзува со Кресненското востание и за тоа и колешката Бендевска зборуваше што се случило во друг ден, не само во друг ден, туку и многу порано во друга година од 23 Окотомври. И по сите историски книги Кресненското востание е подигнато во долината на реката Струма, го обележува почетокот на периодот на националната револуционерна борба, а во тој период се формирани основите на државно правните цели на националната револуција, цитирам извадоци од книгата: “Македонија 100 години по Илинденското востание”. Македонија во рамките на Османлиската империја да се создаде како трибутарна држава под власта на султанот и покровителство на големите европски сили, како автономна држава на македонскиот народ и на другите националности што живеат на нејзината територија. И затоа ние сметаме дека овој настан е настан кој што треба да се изедначи, да се стави знак на равенство со македонската револуционерна борба. А од денешна перспектива како мултиетнички карактер што го промовираме овде и на нашиот пат кон Европската унија како пример за односите и дел

од цитатот што го наведов, на македонскиот народ и на другите националности што живеат на нејзината територија. Затоа имајќи го во предвид фактот дека и ВМРО како ВМРО, денот на основањето е ден за почит. Но, и Кресненското востание апсолутно ден за почит. Мораме да го отргнеме од тоа дека станува збор за партиски празник. И сами си правиме штета како држава кога повторно една ваква реторика ќе вратиме во Собранието и ќе се убедуваме кога настанало, или кога се случиле првите револуционерни борби, кои се оние што повеќе придонеле за промоција на Република Македонија, кои се поголеми Македонци итн. Она што го зборувавме и при донесувањето на Законот за празници, иако и го предупредувавме, тогаш се покажа која била задната намера, е тоа што не се согласуваме со поистоветувањето на македонската револуционерна борба со личностите кои што ВМРО-ДПМНЕ ги промовира. Не можеме и во оваа прилика да не го спомнеме инсертерот што ВМРО-ДПМНЕ во прилог и во подршка на Законот за празници го уфрли во дневните весници. За нас како Социјалдемократски сојуз, но и за некои други, како на пример Сојузот на борците исто се дигна тој глас. Така што не значи дека само пратеничката група на СДСМ се бунеше против тој закон. Третирањето на историјата и личностите во тој инсертер за нас се неприфатливи. И сликата на Тодор Александров во тој инсертер за промоција на македонската револуционерна борба, за нас е неприфатливо. И затоа и тогаш дебатиравме и сега ќе повториме дека се прави извртување на историјата со одлуки на парламентарното мнозинство што не е добро за една држава. Можеби некој историските факти ќе ги промени некако или оние историски факти што сега постојат ќе бидат заменети со некои други, не знам колку е тоа паметно и можно. Но, со одлуки на парламентарното мнозинство е многу лошо кога тоа се прави. Мислам дека една дебата како што и тогаш фалеше и затоа останавме толку долго во Собранието, бидејќи не одеше законот во две фази, можеби фали и сега, можеби треба да размислиме кои се тие награди кои што треба да означуваат, да бидат награда за еден исклучителен придонес на дејци од Република Македонија. Мислам дека и формулацијата што овде е дадена од страна на господинот Трајко Вељановски е еден широк дијапазон, дека наградата се дава или за наука, или за култура, или за образование, или за заштита на државните интереси, или за промоција на државните приоритети, вредности, културно историско наследство на Република Македонија е прешироко за да може и да се направи избор кој што можеби ќе ги допира сите точки, но нема да биде оној вистинскиот. Мислам дека треба да се фокусира доколку станува збор за награда од револуционерната борба за дел само од овие, а да не се поврзуваат со сите области кои што можеле да се наведат. Реков, не може и овој пат да не се вратиме на инсертерот, бидејќи самиот предлагач Вељаноски го споменува 23 Октомври. Своето образложение го дава како ден на македонската револуционерна борба. И бидејќи го пишува тоа во образложението, ние можеме согласно Деловникот да дискутираме за оваа тема. Таа тема вели дека има многу критики дури и од поранешни членови на ВМРО-ДПМНЕ, како што е господинот Коле Мангов кој што го предупредува господинот Груевски, како што тој вели, цитирам: “Постнеоврховизмот кој што се пројавува во некои потези на Владата на ВМРО-ДПМНЕ”, пред се наведувајќи го министерот Милошоски и иницијативата со Законот за празници.

Неколку писма има од господинот Мангов кои што се појавија во јавниот печат каде што тој укажува дека местото на Тодор Александров не му е на истиот инсертер со кој што се промовира македонската револуционерна борба, како и на Гоце Делчев. Но, тоа е нешто што се тера упорно и за кое што гледам дека има реакции, но за жал, освестувањето доаѓа одпосле. Кога беше Законот за празници, јас тогаш наведов дека 23 Октомври и Тодор Александров беше прекретница на судирот, или беше точка на судирот помеѓу тогашниот врв на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ и тогашното раководство предводено од Љубчо Георгиевски и Доста Димовска каде што за среќа, мислам дека тогашното раководство на Унијата на млади сили извојува победа и можеби невидлива, но ја разбранува јавноста во Република Македонија, а дел од тоа раководство на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ денес се и пратеници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа преризично, или премногу лесно е да предлагаме државни награди кои што сака некој да си ги присвои дека само припаѓаат на нив, во овој случај ВМРО-ДПМНЕ. И мислам дека треба да се направи дистинкција и со името ВМРО и со 23 Октомври и со Кресенското востание како ден на македонската револуционерна борба. Не верувам дека господинот Вељаноски ќе ги повлече двата амандмани што ги предложи после законот, затоа што е тоа видлива, добро функционирачка тактика. Но, мислам дека е тоа уште една работа од која што ниту ќе бидат побогати граѓаните, ниту ќе се зголемат инвестициите во Република Македонија, ниту ќе се остварат заложбите за подобар економски живот, што беа ветени на 5 јули, ниту ќе има помал број невработени, туку напротив ќе станеме земја во која што денот што се празнува како партија го направивме државен празник, а за тоа на некој што има долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштита на државни интереси и промоција на државните приоритети, или со еден збор Никола Груевски, да му дадеме награда.

**Бесим Догани:** За реплика се јави господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Макрадули кажа некои тези кои што редно е да ги оповргнам.

Првата е за буџетските средства. Точно пишува во Законот дека се обезбедени финансиски средства. И за Гоце Делчев наградата што се доделува има финансиски средства во Министерството за образование и наука, додека за сите други награди согласно Законот за државни награди има финансиски средства во Министерството за култура. Тоа е едната работа. Втората во однос на роденденот на Партијат. Господине Макрадули, роденденот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ е на 17 јуни, тогаш е основана и тогаш го славиме. Тогаш и вие добивате покана да присуствувате на тој роденден. И зошто цело време го поистоветувате тој датум со 23 Октомври? Роденденот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ е 17 јуни 1990 година кога е основана таа партија и секоја година на тој датум славиме роденден. Како што вие бевте сега на вашиот роденден на 20 април славевте во "Жена парк", таму го одбравте местото каде што ќе славите. Така ние на 17 јуни ќе го славиме на некое место кое што ќе се одбере од наша страна. Значи, никогаш и не треба да се поистоветува 17 јуни како датум на основање на ВМРО-ДПМНЕ со 23 Октомври на македонската револуционерна борба. Јас кажав и во моето образложение укажав дека потајно осеќам дека кај вас пратениците немате ништо против овој датум, затоа што кога ќе се гледа вашата дискусија и дискусијата на другите, во голем дел вие го одобрувате тој датум, исто како секој македонски граѓанин на кој што многу му значи тој датум.

Тогаш е започнат вековниот сон на Македонскиот народ, тогаш тој сон е проткаен и од дедовци и од прадедовци на своите внуци е пренесен. Затоа, без оглед на секоја идеолошка припадност на некој политичар, на некој пратеник, на некој граѓанин, тој датум многу значи па затоа во Законот за државни празници е кажано 23 октомври како празник на Македонската револуционерна борба. Со оглед на тоа што е искажано во Законот за празници, мислам дека е редно да се доделува награда, како 11 Октомври и ред други награди. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Вељаноски.

Контра реплика господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Прво, мојата деловничка забелешка е до потпретседателот. Не зборувам за наградата "Гоце Делчев", зборувам за новиот амандман што го дадовте, тоа е наградата ВМРО, бидејќи таа сигурно не била предвидена во Буџетот. Беше предвидено да се гради музеј на ВМРО и жртвите од комунизмот, не беше предвидена оваа награда и затоа барам, согласно Деловникот, да заседава Комисијата и вие да го проследите тоа.

Сакам да направиме и цело време се обидува СДС да направиме дисктинција, ако е можно во Парламентот и во политиката помеѓу историските факти. Од МАНУ луѓе, публицисти, историчари кажуваат дека македонската револуционерна борба се изедначува со Кресненското востание, не со 23 Октомври.

Затоа, нека биде 23 Октомври ден на ВМРО, но денот на македонската револуционерна борба е некој друг датум. Тоа сакаме ние и за тоа зборуваме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Што се однесува до вашата деловничка забелешка, потполно имате право. Бидејќи амандманот има финансиски импликации, ќе треба да заседава Комисијата за финансирање и буџет. Затоа, тука ја прекинувам денешната седница, а продолжуваме ...

(Реакции од пратениците)

Односно, пред да ја заклучам седницата да завршиме со турнусот на уште две реплики.

За реплики се пријавени Митаноски Веле и Шамбевски Оливер. Тогаш одиме по ред.

Прва реплика има Митаноски Веле, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам потпретседателе.

Дури и да не беше забелешката на колегата Макрадули, јас почнав и завршив со најава дека ќе има и второ полувреме на мојата дискусија. Но, бидејќи ми се потребни само две минути, ќе ја искористам таа форма.

Имено, јас дадов поддршка на Закон. За амандманот најавив поинаков став.

Зошто ги поделив овие две работи? Тоа нека остане прашање на моја тактика.

Инаку, бидејќи одадов признание, јас сега ќе одадам признание дека е ова многу вешт производ. И Законот и амандманот се спакувани во ист пакет. Но, тоа е работа на политичка проценка и треба да даде признание, а не критика за тоа. Деловникот тоа го дозволува.

Дури, ако сакаме да бидеме искрени, ваквиот начин е дури извесно потценување на ликот и делото на ХаџиВасилев Јасмин. Јас сум сосема свесен за тоа. Но, ние како пратеничка група не го поддржавме Законот за прогласување на 23 Октомври за државен празник.

Сега второто полувреме. Бидејќи аналогно и консеквентно ќе се однесеме на тоа, ние не можеме да дадеме поддршка за награда. Затоа најавив две полувремиња.

Затоа, пратеничката група ќе биде утре на гласањето воздржана, затоа што Законот го заслужува тоа, но амандманот и целиот пакет, според нашето видување, не.

Ако појаснив уште некои работи, ќе ми биде драго господине Макрадули.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Митаноски.

Контра реплика од една минута господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Да изразам задоволство од констатацијата на господинот Веле Митаноски, бидејќи рече ќе има второ полувреме за амандманот. Амандманот е составен дел од законот. Се уплашив да не слушнеме дискусија што ќе биде во прилог на она што го зборуваме и ние. Затоа, за да не бидат оштетени и јавноста со една квалитетна дискусија и аргументи и факти што ќе бидат кажани од господинот Веле Митаноски, затоа можеби испровоцирав да биде кажано ова што е сега, бидејќи не беше пријавен за дискусија и нема второ полувреме, бидејќи амандманот е составен дел на законот.

Толку, благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика од три минути за господинот Шамбевски Оливер, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мене исклучително ме радува што пред неколку месеци, после расправата за Законот за празници гледаме СДС нешто потпрочитале од историјата. Денеска барем не го мешаат Панчо Михајлов со Ванчо Михајлов, како што го правеа тоа тогаш, за време на расправата за Законот за празници, иако се повикуваат на истите авторитети што тогаш ја направија таа забуна, пред се во редовите на СДС.

За уште малку да им појасниме, па можеби на некое наредно гледање да зборуваме со веродостојни аргументи, а тоа веќе го зборувавме при Законот за празници, само ќе кажам дека Кресненското востание си има апсолутно своја важност во историјата на овие простори, во историјата на Република Македонија, во историјата на Македонскиот народ, како сакате.

Но, она што ние го прославуваме е почеток на еден континуитет, почеток на една организирана борба, почеток на едно организирани револуционерно дејствување кое, на крајот на краиштата резултираше со независна Република Македонија, со демократска Република Македонија, со оваа Република Македонија како што ја сакаме.

Чесно би било господине Макрадули и другите дискутанти кои зборуваа, заради сите тие жртви што паднале во текот на повеќе од 100 години, за сите тие жртви кои паднале, малку поголемо достоинство кон нив и малку поголема почит кон тие луѓе, бидејќи јас сум убеден, знам, 100% сум сигурен дека и СДС ја признава и ја поздравува оваа борба на Македонскиот народ.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шамбевски.

Контра реплика од една минута господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ќе продолжам таму каде што заврши господинот Шамбевски.

Заради сите тие жртви кои паднале во сите овие години, за нас, за СДС Тодор Александров никогаш нема да го прифатиме како дел од Македонската револуционерна борба и не сакаме да биде на ист инсертер заедно со Гоце Делчев. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи договорот ни беше само репликите да ги завршиме, утре од 10,00 часот нека заседава Комисијата за финансирање и буџет. Со седницава продолжуваме во 11,00 часот, со оваа 36-та седница, а по нејзиното завршување продолжуваме со 7-то продолжение на 34-та седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,42 часот).